**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# Плурален пристап во намалувањето на употреба/злоупотреба на droги и други психотропни супстанци на ниво на локалната заедница

Ментор:

**Проф. д-р. Мариа Доневска**

Кандидат:

**Климентина Спасовска**

**Скопје 2013**

СОДРЖИНА

Листа на кратенки ........................................................................................ 4

ВОВЕД .............................................................................................................. 5

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ ........................................................................................ 10

I ПОГЛАВЈЕ - ПЛУРАЛИЗАМ ВО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ...................... 11
1.1. Дефинирање на поимот ....................................................................... 12
1.2. Значење на плурализмот ..................................................................... 13
1.3. Плурализмот од аспект на историја .................................................. 15
1.4. Класичен и нов плурализам ................................................................. 16

II ПОГЛАВЈЕ - УПОТРЕБА/ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГИ ......................... 19
2.1. Конструкција на проблемот ............................................................... 20
2.2. Историска позадина на проблемот на употреба/злоупотреба на дроги ............................................................... 21
2.3. Злоупотребувачите на дрога како посебен вид на заедница ................................................................................................. 22
2.4. Дозволени и недозволени дроги ........................................................ 23
2.5. Меѓународно регулирање на проблемот на злоупотреба на дрога ....................................................................................... 24
2.6. Злоупотребата на дрога како социјален проблем ........................ 26

ПОГЛАВЈЕ 3 - ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА КАКО ПРИМАРНА СРЕДИНА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ ................................ 27
3.1. Дефинирање на поимот ..................................................................... 28
3.2. Развој на локалната самоуправа ........................................................ 29
3.3. Сектори во рамките на локалната заедница ................................ 31
3.4. Локалната заедница како поле за социјални активности ................................................................................ 32

IV ПОГЛАВЈЕ - ПЛУРАЛЕН ПРИСТАП ВО НАМАЛУВАЊЕТО НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ............. 34
4.1. Плурализација на социјалната заштита во Република Македонија во однос на лица кои злоупотребуваат дрога ...................... 35
4.1.1. Улогата на установите од областа на социјалната заштита за заштита на лица кои злоупотребуваат дрога ........................ 37
4.1.2. Улогата на единиците на локалната самоуправа за заштита на лица кои злоупотребуваат дрога ........................................... 39
4.1.3. Улогата на невладините организации за заштита на лица кои злоупотребуваат дрога ................................................................... 41
4.1.4. Улогата на верските заедници за заштита на лица кои злоупотребуваат дроги ........................................................................... 42
4.2. Регулирање на проблемот на дроги во македонското законодавство ....................................................................................... 43
4.3. Системот на локална самоуправа во Република Македонија ...46

ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ ........ 48

1. Формулација на проблемот на истражување ........ 49
2. Цели на истражување ........ 50
    2.1. Научна цел на истражувањето ........ 50
    2.2. Практична цел ........ 50
    2.3. Посебни цели на истражувањето ........ 50
3. Предмет на истражување ........ 51
    3.1. Теоретско определување на предметот ........ 51
    3.2. Дефинирање на клучните поими ........ 51
4. Хипотези во истражувањето ........ 53
    4.1. Општа хипотеза ........ 53
    4.2. Поединечни хипотези ........ 53
5. Метод на истражување ........ 54
    5.1. Пристап – истражувачка стратегија ........ 54
    5.2. Техники за собирање на податоци ........ 54
    5.3. Дефинирање на истражувачкиот примерок ........ 56
    5.4. Тек на истражување ........ 57
6. Резултати од истражувањето и дискусија ........ 57

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ ........ 79

БИБЛИОГРАФИЈА ........ 85

ПРИЛОЗИ ........ 91

**Листа на кратенки**

| | |
|---|---|
| ДЦ | Дневен центар |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЗСД | Завод за социјални дејности |
| ЈУ | Јавна установа |
| ЛЗ | Локална заедница |
| МВР | Министерстви за внатрешни работи |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НВО | Невладини организации |
| ОУ | Основни училишта |
| РМ | Република Македонија |
| ЦСР | Центри за социјална работа |

# ВОВЕД

Злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци претставува една мошне актуелна и неисцрпна тема која привлекува големо внимание. Во контекст на разбирање на злоупотребата на дроги, треба да се појде од фактот дека дрогата, делумно или целосно го менува психо-физичкото однесување на поединецот, со што го доведува во спротивност со вообичаеното општествено однесување, но исто така и со моралните, културните, законските и другите принципи на заедницата во која живее. На тоа се надоврзуваат бројните последици и штети кои ги предизвикува злоупотребата на дроги, но не само на поединецот, туку и на семејството и целокупната општествена заедница.

Насекаде во светот, а особено во земјите во Централна и Источна Европа, бројот на лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци е во постојан пораст. Тоа во голема мера се должи на брзите, нагли и неочекувани социјални, економски и општествени промени, што меѓу другото, резултираа и со промена на поранешните вредносни системи во индивидуалното, семејно и општествено функционирање. Од друга страна, високата стапка на невработеност, егзистенцијалната несигурност, како и воспитно-образовната неприлагодност, создадоа еден вакуум во социјалните и морално-етички норми на живеење.

Злоупотребата на дрогите е голем светски проблеми. Сепак, најранливи се земјите со слаба општествена и институционална структура, односно земјите во кои политичките настани, домашната нестабилност, како и внатрешните и/или регионалните конфликти придонесуваат кон слабеењето на државните структури или контроли.

Како социјален проблем, злоупотребата на дрогите и другите психотропни супстанци е реалност и во РМ, поради фактот што нашата земја е транзитна, и голем дел од трговијата со дроги се одвива преку нашата територија. Истовремено, голема е веројатноста дека дел од дрогата останува и на домашниот пазар, а со тоа се зголемува понудата на наркотични дроги, како и бројот на зависниците.

Првите регистрирани корисници на дрога во РМ биле регистрирани од МВР во 1969 година. Помеѓу 1990 и 2004 година бројот на регистрирани корисници на дрога се зголемил од 314 на 6.583, а во 2005 година биле регистрирани 549 нови корисници на дрога. Најголемиот број случаи во оваа евиденција се жители на урбани области, најмногу оние од градот Скопје (51% од вкупниот број на регистрирани). Групата на возраст од 19 до 31 години претставува 82% од регистрираните корисници, додека 18 годишните претставуваат 3,8% од регистрираните корисници[1].

Според податоците на МВР, на крајот на 2007 година се регистрирани вкупно 8.345 лица кои користат droги. Од вкупниот број на регистрирани лица приближно 90% се невработени, а 954 лица се од женски и 7.391 се од машки пол. Според податоците, 6.247 се Македонци, 1.290 се Албанци, а 808 лица зависнции од дроги се од другите националности. Од аспект на старосната структура 178 лица зависни од дроги се малолетници, 669 се од 18 до 20 години, 2.141 се од 20 до 25 години, 2.780 се од 25 до 30 години, а над 30 години се 2.577 лица[2].

Во Република Македонија во последните неколку години е согледан трендот на зголемување на бројот на лица кои употребуваат, осносно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци. Како резултат на низа истражувања кои како предмет на истражување ја поставиле оваа проблематика, се појавува фактот дека старосната граница на новите случаи на лица коишто употребуваат и злоупотребуваат дроги постојано опаѓа и истата се движи околу 16-тата година, а првите контакти и допири со дрогата се појавуваат околу 14-тата година од животот на малолетниците.[3]

Проблемот на употреба на илегални дроги во Република Македонија станува особено евидентен кон крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години од минатото столетие. Почетоците се поврзани со хероин, катран од погачите од афион и чај од афионовата слама.

---

[1] Национална стратегија за дроги на Република Македонија (2006 - 2012), с. 6
[2] Локална стратегија за дроги на Град Скопје: превенција, лекување, рехабилитација и ресоцијализација, намалување на штети и градска безбедност, 2008 – 2013 година, с. 9
[3] Тулевски, И., (2009), *Зависност од дрога,* Матица македонска: Скопје, стр. 33-35

Особено е загрижувачки фактот што голем број млади луѓе многу рано започнуваат да пушат цигари, неконтролирано да конзумираат алхохолни пијалоци и без лекарска контрола самоволно набавуваат и користат лекови за смирување (седативи), за намалување на болка (аналгетици), и за предизвикување на сон (хипнотици), од кои голем дел брзо создаваат зависност. Последните години, сè почесто е употребата и на т.н. синтетички (дизајнер) droги кои вештачки се произведуваат во разни лаборатории. За нив се смета дека ќе бидат главен проблем во столетието кое е пред нас.

Од аспект на социјалната заштита, зависниците од дроги и други психотропни супстанци се едни од категориите на лица кои можат да користат социјални услуги од ЦСР. Стручните работници од сите ЦСР, ги евидентираат зависиците од дроги во програмата Лирикус[4]. Притоа, на ниво на РМ, како корисници на социјални услуги во сите ЦСР се евидентирани 173 зависници од дрога, при што 7 се малолетни, а 166 полнолетни. При тоа, 99 од нив (57,2%) се евидентирани како корисници на услуги на дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци[5].

Значи, злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци е сериозен општествен проблем, а според причините на настанување, таа е поврзана со поединецот и за одредени односи во некои општествени структури. Затоа, за нејзино спречување или намалување нужен е ангажман на сите општествени субјекти и структури, особено на оние кои со своето дејствување можат да влијаат или да придонесат за намалување на овој социјален проблем. Еден од водечките проблеми со кој секојдневно се соочуваат здравствените работници како и стручните работници во системот на социјална заштита, е токму злоупотребата на дрога, која ја нагризува општествената стабилност, поради што се појавуваат иницијативите за примена на плуралниот пристап во решавањето на тој проблем.

---

[4] Веб апликативен софтвер за изедначена електронска евиденција на корисници на социјални услуги во сите центри за социјална работа во РМ, која стана апликативна во 2010 година.

[5] Податоците се извадени од програмата Лирикус, заклучно до 31.07.2013 година

За овој труд значаен е плуралниот пристап во намалувањето на употребата/злоупотребата на дрогата на ниво на локалната заедница. Притоа, развојот на услугите во локалната заедница е едно од најзначајните постигнувања на полето на социјалната заштита во РМ. Реформите насочени кон услугите во заедницата беа главно иницирани од страна на УНИЦЕФ во 2000 година. Министерството за труд и социјална политика ја поддржа таа идеја, и го олесни процесот на обезбедување на грижа засновата на заедницата, со измени и дополнувања на Законот за социјална заштита во 2004 година. Имено, покрај државата која е основен носител на социјалната заштита, во социјалната заштита можат да се вклучат и други носители како: хуманитарни здуженија, здруженија на граѓани, верски заедници и нивни здруженија, религиозни групи и други непрофитни организации.

Од друга страна, со стапувањето на сила на Законот за локалната самоуправа во РМ, голем дел од надлежностите на централно, преминаа на локално ниво. Тоа претставуваше значаен чекор кон зајакнувањето на капацитетите на локалната самоуправа. При тоа, со овој закон на општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје им беа доделени надлежности во областа на социјалната заштита. Започнувајќи од 2004 година, со измените на Законот за социјална заштита на општините им беше дадена можност за донесување на развојни програми за специфичните потреби од областа на социјална заштита на граѓаните од своето подрачје, како и можност за преземање на основачките права на центрите за дневно и привремено згрижување. Исто така, со Законот за социјалната заштита од 2009 година, општините имаат и обврска за изготвување на програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита.

Исто така, особено беше значаен фактот што РМ донесе Националната стратегија за дроги (2006 – 2012), со што, сите носители на политиките на соодветна активност се обврзани да дејствуваат во справувањето со проблемот на употреба/злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци. Овој документ ја нагласува потребата од интегриран мулти-дисциплинарен и урамнотежен пристап, кој се обезбедува преку учеството на многубројни актери од јавниот,

приватниот и невладиниот сектор, како и со потребата од нагласено вклучување на хуманитарните и црковните организации.

Од овие причини, во овој магистерски труд се разработени 4 теориски поглавја. Во првото се разгледува плуралниот пристап во социјалната заштита, неговото значење и плурализмот од аспект на историја. Исто така, во овој дел се разграничени класичниот и новиот плурализам.

Во второто поглавје разработен е проблемот на употребата/злоупотребата на дрогата, дадена е неговата историска позадина, како и т.н. дозволени и недозволени дроги. Анализирано е и меѓународното регулирање на проблемот на злоупотреба на дрога, како и прашањето за злоупотреба на дрогата како социјален проблем.

Во третото поглавје се разгледува локалната заедница како примарна средина за разрешување на социјални проблеми, нејзиниот развој и секторите кои постојат во рамките на локалната заедница. Исто така, локалната заедница е разгледана како поле за социјални активности.

Во четвртото поглавје е анализиран плуралниот пристап во намалувањето на злоупотребата на дрога во РМ. Подетално се разгледани улогите на различни институции за заштитата на лица кои злоупотребуваат дрога, при што опфатени се установите од областа на социјалната заштита (ЦСР и ДЦ), единиците на локалната самоуправа, невладините организации и верските заедници. Во ова поглавје разгледано е регулирањето на проблемот на droги во македонското законодавство, како и системот на локалната самоуправа во РМ.

Исто така, овој магистерски труд има и истражувачки дел во кои се прикажани резултатите од истражувањето спроведено со одредените институции кои реализираат одредени активности на полето на намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци. Целта е да се утврди дали плуралниот пристап во решавање на проблемите со употреба/злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, може да придонесе за намалување на овој социјален проблем во заедницата. Во прилог на тоа, на крајот на трудот се дадени и препораки.

# ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# I ПОГЛАВЈЕ
# ПЛУРАЛИЗАМ ВО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## 1.1. Дефинирање на поимот

Плурализмот е еден од клучните процеси за развој на демократските институции на власт, граѓанското општество и неговите вредности.

Самиот процес на плурализација претствува прифаќање на неговата идеја како општествена вредност. Но, треба да се запрашаме, како можеме да процениме дали некој политички или општествен состав е плуралистички? Во сферата на политиката, одговорот може да го побараме во анализата на поделбата на власта, расположливоста на моќта на одредени политички партии, како и во степенот на децентрализација на власта. Од методолошки аспект, во истражувањата би требало да се вклучи анализа на начинот на политичко одлучување, анализа на релевантни политички страни и нивната улога во процесот на донесување на важни политички улоги, анализа на автономноста во делувањето на регионалните и локалните институции, количината на финансиски средства на национално и локално ниво.

Плуралниот пристап означува учество на многубројни субјекти од јавниот, приватниот, невладиниот сектор и на хуманитарните и религиските организации, во спроведување на определени активности.[6] Притоа, при анализата на самиот поим плурализам, се соочуваме со фактот дека и самиот поим е плуралистичен, бидејќи се однесува на различни подрачја, поради што има и различни значења: културно, политичко, религиско, уметничко, филозофско, социјално, и други. Поради тоа, за негово прецизно определување можеби треба да се побара одговор на прашањето, каков плурализам?

Согласно предметот на овој труд, се наметнува потребата за дефинирање на поимот социјален плурализам. Во таа насока, социјалниот плурализам (комбиниран модел на социјална политика) претставува диверсификација на сектори и поединци кои учествуваат во системот на социјалната политика. Тој укажува на т.н. социјален

---

[6] ACPO Drugs Committee, *A review of drugs policy and proposals for the future*, The Association of Chief Police Officers: London, 2002,p.113

триаголник во кој, системот на социјалната политика претставува резултат од делувањето на три сектори: владиниот или државниот сектор, приватниот профитен и приватниот непрофитен систем[7].

Во наведената дефиниција за социјален плурализам не се споменати верските заедници. Бидејќи се дел од предметот на овој труд, потребно е да се истакне нивното значење. Имено, во верската наука, од секогаш биле присутни начелото на „општо добро", солидарност и супсидијарност. Овие начела ја истакнуваат идејата дека човекот сам не може да ја развие својата индивидуалност и општественост. Мноштвото на вредности човекот ги остварува заеднички со другите луѓе, а за тоа треба да се воспостави ред, почнувајќи од семејството, помалите заедници, државата како и меѓународната заедница. Овие начела на верските заедници се значајни за социјалната политика, бидејќи државата презема мерки и форми на заштита кога поединците или помалите групи не можат самите да го сторат тоа.

## 1.2. Значење на плурализмот

Според Пуховски, во низата емпириски и теориски истражувања во последните неколку децении, плурализмот добил шест видови на значење[8]. Прво, тој е претпоставка за почитување на различностите. Второ, плурализмот се интерпретира и често оправдува како средство за стабилизација на општеството кое го продолжува и комплицира процесот на донесување одлуки, и на тој начин делува стабилизирачки. Како трето, плурализмот се покажал како многу ефикасен метод за заштита на правата на поединците (особено на депривилегираните и малцинските групи), кој иако не функционира многу често, сепак претставува еден концепт на идеално функционирање на јавноста кое лесно може да се замисли. Понатаму, како четврто, плурализмот ја гарантира отвореноста на политичката сфера, односно нејзината

[7] *Речник социјалне сигурности,* (2006), CARDS Social Institutions Support Programme, Регионална канцеларија Савета Европе, Београд, стр. 17
[8] Puhovski, Ž., *Politički pluralizam bez socijalnog utemeljenja*, Filozofski fakultet, Zagreb, str. 15

подготвеност да ги прифати различните интервенции од вредносен тип. Петто, плурализмот го гарантира намалувањето на политичките нееднаквости бидејќи го намалува бројот на оние кои се непретставителни или нерепрезентативни, и чии интереси и вредности не би можеле да дојдат до израз. И на крајот како шесто, плурализмот се покажува како една коректна арена за постигнување на консензус, бидејќи во втемелувањето на заклучоците овозможува да се земат предвид сите различни стојалишта.

Од друга страна, според Куленович, во политичката теорија плурализмот има две значења, и тоа, нормативно (она што би требало да биде) и дескриптивно (она што е)[9]. Како нормативен поим, плурализмот претставува одредена политичка или општествена вредност кон која се тежнее, а како дескриптивен поим, плурализмот се јавува во позитивните теории кои го објаснуваат фунционирањето на современите општества.

Некои од водечките академски промотори на плурализмот, го сумираат концептот во четири клучни точки:

• Поголем акцент на плурално давањето на услуги; проширување и признавање на можност за доброволна и волонтерска акција;

• Законските услуги треба да се децентрализираат со поголема ориентација кон заедница;

• Улогата на централната и локалната власт да продолжи, но во насока на мониторинг и евалуација, наместо директното обезбедување на услуги;

• Корисниците на услугите да имаат поголема улога во процесот на одлучување[10].

Токму идејата на овој труд е во согласност со погоре посочените точки. Тие се во прилог на очекувањата дека плуралното давање на услугите на зависниците од дроги и други психотропни супстанци како и ориентацијата кон локалната заедница, ќе придонесат кон намалувањето на ова социјално зло.

---

[9] Kulenovic, E., (2007), *Put ka demokraciji: Pluralizam i depolitizacija*, Fakultet politickih znanosti, Zagreb, str. 5

[10] Schartau, M., (2009), *The Road to Welfare Pluralism Old Age Care in Sweden, Germany and Britain*, Södertörn University, Stockholm (цитирано според Lund), p. 3

## 1.3. Плурализмот од аспект на историја

Во текот на 80-те години на XX век, концептот на плурализам се развил како одговор на критиките кон државната заштита. Плурализмот претпоставува дека различни институции и организации (државата, бизнис секторот, локалната самоуправа, невладините организации, и други) треба да бидат вклучени во планирањето и нудењето на услуги за граѓаните. Улогата на државата треба да се намали и во делот на финансирањето на услугите и во нивното директно обезбедување.

Прашањето за намалувањето на улогата на државата во обезбедувањето на социјалната заштита е мошне интересно. За ова се наведуваат политички и економски причини. Промени во општеството го отворија патот за плурализам во социјалната заштита. Зголеменото препознавање на ограничените ресурси на јавниот сектор, како и истовременото зголемување на потребите од социјална заштита, го стимулираа концептот за изнаоѓање на нови начини за обезбедување на општествена благосостојба. Социјална заштита од секогаш вклучувала различни комбинации на грижа и заштита во семејството, како и различни услуги кои припаѓаат на приватниот, јавниот и волонтерскиот сектор. Но, особено значајна новина е прифаќањето на ограничената улога на јавниот сектор.

Во процесот на плурализација, многу е важна соработката на сите овие институции, бидејќи тоа може да доведе до поголема ефикасност во давањето на услуги на граѓаните. Од друга страна, секоја организација може да ги намали своите трошоци во планирање, обука, истражување и активности од сличен вид. Друга придобивка е дека заедно можат полесно да испорачаат услуги врз основа на вкупните потреби на граѓаните.

За улогата на јавниот и приватниот сектор, постојат две различни сфаќања[11]. Од една страна, се смета дека државата и локалните власти треба да бидат примарни финансиери, со цел да се обезбеди еднаков пристап до социјалните услуги преку принципот на територијална

[11] Op. Cit., (цитирано според Lund), p. 8

правда, во дистрибуцијата на централните грантови кон локалните власти. Приватниот сектор треба да има ограничена улога. Но, од друга страна, се смета дека државата наместо да биде примарен обезбедувач на социјална помош треба да дејствува како планер, регулаторот, и каде што е соодветно, финансиер на услугата.

Кога се говори за плурализам, треба да се обрне внимание на различните идеи за тоа што претставува општествениот капитал, како тој треба да биде заштитен и интегриран во процесот на плурализација. Општествениот капитал значи доверба, но и должност и обврска изградена со текот на времето, што резултира со силно чувство на солидарност. Во една перспектива, општествениот капитал може да биде подобрен од страна на државата преку одгледување на алтруизам и создавање на чувство на солидарност во рамките на заедницата. Во друга перспектива, општествен капитал е уништен од страна на државата, бидејќи тоа негативно влијае на односите меѓу семејството и заедницата, кои се природно развиени. Вторава перспектива е посилна, и често се користи како аргумент за плурализација.

На крајот, мора да признаеме дека плурализмот е еден мошне дифузен концепт кој сè уште е предмет на спротивставени дефиниции и теории меѓу креаторите на политиките и аналитичарите. Како и да е, плурализмот останува широко популарна идеја за различни толкувања, која сигурно го пронаоѓа патот за сопствена интерпретација.

### 1.4. Класичен и нов плурализам

Претходник на нововековниот плуралистички приод, е основачот на либералната уставна теорија на државата, Џон Лок. Плуралистички приод настанал како одговор на монистичката концепција за апсолутистичка држава која доминирала во Европа на преодот од феудално кон капиталистичко општество. Главното начело на плурализмот произлегло од основните претпоставки на либералната

мисла, како што се значењето на индивидуалната слобода и недоверба во државата, чија моќ треба да биде ограничена. Оттука, главните карактеристики на плуралистичката теорија на државата се слободата на поединецот како најважна политичка вредност, која најдобро ќе биде зачувана ако политичката моќ на државата е дисперзирана и ограничена, и важноста на групните социјални интереси во комплексната социјална мапа[12].

Сè до Првата светска војна, претставници на плурализмот сметале дека државата треба да има минимална улога, и дека остварувањето на општествените добра може да се постигне со успешно комбинирање на активностите на јавниот, приватниот и невладиниот сектор. Во таа насока, Павловиќ и Стојиљковиќ разликуваат класичен и нов плурализам[13].

Основна карактеристика на класичниот плурализам е безрезервниот модел на демократија во модерните држави. Во репрезентативните демократии постојат извесни разлики меѓу европските школи на класичниот плурализам кои повеќе го преферираат парламентарниот облик на политички систем, и американските класични плуралистички школи кои го преферираат претседателскиот тип на политички систем.

Од друга страна, во втората половина на XX век, новиот плурализам донел значајни иновации во теорискиот пристап на државата, што се должи на неколку новини. Прво, тука е демократската теорија за плуралистичка држава, според која политичката моќ на одлучување не е монопол на еден политички систем, туку хоризонтално и вертикално се распределува на мноштво различни нивоа на одлучување. При тоа, нејзината успешност е загарантирана со консензусот за основните либерални вредности на политичката култура.

Понатаму, за новиот плурализам значајни се и развојот на општествените движења, дебатите за мултикултурализмот, развојот на концептот на граѓанското општество, локалните заедници и граѓанскиот активизам. Значи, новиот плурализам (чиј најзначаен претставник е

---

[12] Pavlović, V., Stojiljković, Z., (2010), *SAVREMENA DRŽAVA: STRUKTURA I SOCIJALNE FUNKCIJE*, Fakultet političkih nauka Univerziteta u Beogradu, Centar za demokratiju, str. 25
[13] Op. cit., str. 26

Роберт Дал) нуди полиархиски модел на демократија во кој државата ѝ го отстапува своето место на сложената мрежа на моќ со различни нивоа на одлучување.

# II ПОГЛАВЈЕ
# УПОТРЕБА/ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГИ

## 2.1. Конструкција на проблемот

Употребата/злоупотребата на дрогата претставува појава која на еден специфичен и впечатлив начин го одбележува современото општество. Тоа е незаобиколен дел од секојдневниот живот на милиони луѓе ширум светот, независно од нивната расна, национална или верска припадност, политичка определба, општествен статус. Дрогата ја има насекаде, од мегалополиси и центри на современа цивилизација, па сè до најруралните делови на планетата.

Цврстата вкотвеност на употребата на дрогата во секојдневниот живот, ретко кого го остава рамнодушен. Независно дали се дефинира како општествен феномен или како образец на индивидуално однесување, употребата на дрогата се препознава како непожелна и штетна појава. И затоа, како што истакнува Радулович, општествената нетолерантност е пресудна причина за вградување на употребата/злоупотребата на дрогата во сложениот систем на општествена контрола[14].

Овој систем е втемелен на меѓународни договори и кривични законодавства на државите, и опфаќа широк сплет на општествени акции за спречување на производството, дистрибуцијата и трговијата со дрога. Од друга страна, контролата опфаќа и лечење, рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на зависникот во општествената заедница. Составен дел на контролата е и примарната превенција, проширување на знаењето за дрогите, последиците од нивната злоупотреба, како и образование за живот без дрога.

Но, неуспехот на општествената контрола е крајно очигледен. Во било кој град на планетава, булевар, ресторан, клуб, дискотека, па дури и во училишните дворови и спортските вежбалници, продавачите на дрога се присутни и „тргуваат“ без поголеми проблеми.

Наспроти сè, дрогата се продира во сите пори на општественото ткиво. Таа навлегува и во економската сфера на општеството, влијае на

---

[14] Radulović, D., (2008), *Pristup proucavanju drustvene kontrole droge: Konstrukcija problema*, Filozofski fakultet, Beograd, str. 2

политичките односи, но остава и сериозни последици и врз здравјето на корисниците и општата сигурност на општеството.

## 2.2. Историска позадина на проблемот на употреба/злоупотреба на droги

Употребата/злоупотребата на дрогата, како општествена појава е стара колку што е старо општеството, односно има долга и богата историја. Уште од своите прапочетоци, во потрагата за храна, човекот го запознавал природниот свет кој го опкружува, и откривал дека билките и растенијата (хранливи и отровни) поседуваат посебни својства. Со нивното внесување во организмот, тие предизвикувале промена во свеста, намалување на болка, ослободување од различни тегоби. Нивното консумирање почнало да се врзува за разни обреди, и постепено се вклопувале во светот на разни верувања или религиски ритуали. Постепено, дрогата почнала да се користи за намалување на тегоби, ублажување на болки и контрола на апетитот.

Историски, можат да се издвојат неколку етапи за широка популаризација на употребата/злоупотребата на дрогата, карактеристични по својата еруптивност. Првата фаза се одвивала на почетокот на XVI век, кога на Медитеранот, Блискиот Исток и европските земји, вртоглаво се ширела употребата на кофеинот. Нешто подоцна, во втората половина на XVI во Русија, Кина и Јапонија се проширило пушењето на необработен тутун. На крајот на XVII и почетокот на XVIII век, меѓу припадниците на сиромашните општествени класи, како и меѓу староседелците на Новиот свет, дошло до неконтролирана потрошувачка на џин, рум и други дестилирани алкохолни пијалоци. За XX век е карактеристично наглото зголемување на интровенозно користење на морфиумот. Во овој период, во Англија, САД и Автралија широка популарност доживеала употребата на опиумот и неговите деривати.

Широко присутни и лесно достапни, дрогите се зацврстиле меѓу доминантните културни симболи кон крајот на XX век. Од тогаш, па

наваму, тие покажуваат одредени контраверзни својства. Од една страна, тие претставуваат „роба“ со голема вредност, на чии производство, дистибуција и трговија се остваруваат огромни профити. Од друга, од помошни средства кои помагаат во ублажување на болка, олеснување на тегоби, зголемување на концентрација, преку несопирливиот потрошувачки менталитет, дрогите покажуваат тенденција да се претворат во „средство за сè“.

## 2.3. Злоупотребувачите на дрога како посебен вид на заедница

Од социјален аспект, особено е значаен фактот дека дрогите претставуваат основа за општествена интеграција на една посебна и прикриена заедница. Иако по природа е тајна, сепак во оваа заедница можат да се препознаат клучните карактеристики на поголемите општествени групи. Имено, оваа заедница има вообичаени непишани правила на однесување, развиени механизми за примена на сила, за социјалнизација и дисциплина.

Во нејзините редови можат да се пронајдат луѓе од различен социјален статус, од припадници на кралски семејства и племства, претседатели и диктатори, дипломати, филмски и музички ѕвезди, професори и студенти, невработени лица. Не изостануваат лица од различни национални и верски малцинства, богати и сиромашни, сексуални работнички, крадци, убијци, и многу други категории на лица.

Несомнено, тоа претставува еден свет во кој насилството претставува секојдневна појава. Различни облици на криминал, лажење, подметнување, кражби, убиства, проституција, се вообичаени појави во светот на дрогата. Исто така, секојдневни секвенци на животот на припадниците на оваа прикриена заедница се и апстиненцијалните кризи, болести, предозирања, ХИВ/СИДА, страв, напнатост, апсења и затворски казни. Од друга страна, финансиските малверзации и интерконтиненталните трансакции со милионски суми ја одбележуваат оваа заедница како нешто многу поголемо од ситните кражби и уцени, со кои зависниците настојуваат да ја обезбедат својата дневна доза.

Истовремено, за оваа заедница се карактеристични и појавите на стигматизирање и социјална исклученост.

## 2.4. Дозволени и недозволени дроги

Станувајќи дел од секојдневниот живот на милиони луѓе ширум светот, дрогите привлекле големо внимание на општествената јавност. Тоа ја предизвикало разликување на повеќе видови на дроги.

Некои дроги заземаат посебно место во општествено-културната матрица. Како универзално прифатени средства за релаксација и блага стимулација се прифатени кафето и чајот. Во западната цивилизација, значајно место заземаат и цигарите и алкохолот. Сите тие средства имаат значаен статус на важни културни фактори околу кои се изградиле различни значења, посебни ритуали и симболички системи. Нивната употреба ретко се осудува, дури и се очекува како израз на припадност кон одредена заедница или култура. Се наведуваат бројни оправдувања за нивната употреба, се истакнува нивната лековитост и хранливост, дури и се препорачуваат. Притоа, интересно е да се истакне дека нивната употреба е дозволена, дури и пожелна за возрасните, но не и за децата. Сепак, како што истакнува Радулович, токму кај младата популација најлесно се видливи негативните последици на општествено културната интегрираност на цигарите и на алкохолот[15].

Широката тераписка примена на амфетамините, барбитуратите и седативите обезбедува употреба на овој вид на дроги, како оквир на општествено културна структурираност, но истовремено и како применет облик на интеграција. Во современото општество, здравиот начин на живот прераснува во одредена идеологија, па се наоѓаат различни начини за оправдување за сè она што допринесува за подобро здравје. Но, болеста и здравјето се општествено конструирани термини, па употребата на „било какви“ лекови, не само што предизвикува општествено неприфаќање, туку подразбира и посакуван однос кон сопственото тело и психичкото здравје. Благодарение на ваквиот факт,

[15] Op. cit., str. 6

за милиони луѓе низ светот, лековите станале составен дел од секојдневниот живот, претворајќи ја „таблетоманијата“ во најраспространет облик на злоупотреба на дрога.

Опиумот, кокаинот и канабисот, како и бројните нивни деривати се droги чија употреба предизвикува општествена реакција на неодобрување, и се предмет на многу контаверзии. Наспроти верувањата за нивните лековите својства (поттикнување апетит, анелгетички потенцијали, стимулативни ефекти), овие дроги се законски забранети. Ако нивната употреба не е под строг медицински надзор, предизвикува многу опасни последици по здравјето на луѓето. Особено се нагласува нивното штетно дејство на создавање навика и зависност. Поради нивната штетност и подложност за злоупотреба, овие дроги се под контрола на општествениот систем.

## 2.5. Меѓународно регулирање на проблемот на злоупотреба на дрога

Желбата за воспоставување на глобален механизам за општествена контрола на дрогите го доживеала својот максимум во текот на XX век. Затоа, контролата на производството, прометот, трговијата, како и потрошувачката на дрогата, е широко меѓународно прифатена и вградена во бројни меѓународни документи.

Постојат три меѓународни конвенции за контрола на дрогата. Во 1961 година е усвоена Единствена конвенција за опојни дроги, а во 1971 година, Конвенцијата за психотропни супстанци, кои обврзуваат на поголемо внимание на превенцијата и третманот на зависности од употреба на дроги. Ова се единствените правнообврзувачки домументи во кои се споменува обврската за овозможување на правото на лекување на лицата зависни од дроги. Според СЗО, целта на овие конвенции е да ги направат наркотичните дроги и психотропните

супстанци достапни за медицински и научни цели и да ја спречат нивната распределба за други цели[16].

Од друга страна, особено е значајно и усвојувањето на Конвенцијата на Обединетите Нации против незаконска трговија со наркотични droги и психотропни супстанци (Виенска Конвенција) во 1989 година[17].

Во однос на начинот на организирање и спроведување на третман за лекување на зависности, не постои правнообврзувачки документ на меѓународно ниво. Како тело на Обединетите Нации за глобални прашање во врска со здравјето и лекувањето, СЗО ги воспоставува меѓународно прифатените стандарди за лекување на луѓето. Притоа, за различни третмани се дадени препораки за минималните критериуми кои треба да се почитуваат при организирањето и спроведувањето на третманот, и најдобра пракса за постигнување на највискок можен стандард на здравје на лицата кои се на третман.

Правото на лекување во меѓународни рамки е гарантирано и со други документи: Универзална декларација за човекови права (член 25), Меѓународна повелба за економски, социјални и културни права (член 12), Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (член 12), Конвенција за заштита на правата на детето (член 24), Европска социјална повелба (член 11).

На крајот, би требало да се истакне дека, паралелно со тероризмот и илегалната трговија со оружје, и злоупотребата на дрогата претставува трајна преокупација на меѓународната заедница. Тоа е приоритетен проблем на современото општество, и ниту една држава не е имуна на овој проблем, независно од постигнатиот степен на општествен развој и облик на политичко уредување. Злоупотребата на дрогата е мошне осетливо прашање околу кое се соочуваат различни политички субјекти. Тоа посебно се нагласува околу прашањето за финансирање на системот на општествена контрола. Имено, тој систем опфаќа спречување на производство, дистрибуцијата и трговија со

[16] World Health Organization, Guidelines for the Psychologically Assisted Pharmacological Treatment on Opioid Dependence, p. 8

[17] Особено е значајно што нашата земја, како дел на поранешна СФРЈ, активно учествувала во подготовката на овој документ и го вградила во сопственото законодавство (*Službeni list SFRJ* br. 2/64, br. 40/73, i br. 14/90).

droги, лечење и рехабилитација на зависниците, изработка на превентивни и образовни програми за намалување на побарувачката, научни истражувања за злоупотребата на droги. Сето тоа бара издвојување на големи финансиски средства.

### 2.6. Злоупотребата на дрога како социјален проблем

Трансформацијата на традиционалното во модерно општество, заснована на капиталистичкиот начин на производство, и на процесите на индустријализиацијa и урбанизација, предизвикале појава на голем број на социјални проблеми. Тоа неминовно ја наметнало и потребата за нивно целосно согледување, како и утврдување на можните правци на општествена реакција.

Злоупотребата на дроги се одбележува како непожелна, пробламатична и штетна појава. Таквиот вредносно негативен предзнак ја сместува оваа појава во поимните оквири на социјалните проблеми, кои се предмет на сложени и широки општетвени активности.

Како социјален проблем, злоупотребата на дрогата предизвикува голем интерес и особено во широки размери го окупира медиумскиот простор. Притоа, во масовните медиуми ваквата појава најчесто се прикажува преку стереотипни слики за зависниците од дрога. Но, од друга страна, други фактори во општеството (политичари, научници, свештенци) се обидуваат да ги обелоденат можните правци на општествена реакција.

За решавање на социјалните проблеми, мошне е значајно да се се преземат чекори за коренити промени на општествените услови кои и го поттикнуваат проблемот. Но, созревањето на услови кои можат да доведат до радикални промени е долготраен и постепен процес, така што конечно разрешување на одреден социјален проблем е мошне ретка ситуација.

# ПОГЛАВЈЕ 3
# ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА КАКО ПРИМАРНА СРЕДИНА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ

### 3.1. Дефинирање на поимот

Под поимот локална заедница може да се подразбере одредена географска област, град, општина, село, или одредена помала област во нивни рамки, месна заедница, населба, улици и друго. Исто така, заедницата ја сочинуваат и луѓето кои живеат во тие географски области, кои се разликуваат по одредени карактеристики, пол, возраст, националност, верска или друга припадност.

Но, заедницата не ја сочинуваат само одредена територија или групите на луѓе сами по себе. Овој поим има пошироко значење и ги опфаќа и различните активности на населението во таа заедница, но и активностите на здруженијата на граѓани, локалните власти, приватните компании и претпријатија, образовните и други институции кои функционираат на тоа подрачје. Сите заедно придонесуваат за зголемување на степенот на развој на таа заедница, реагираат на препознаените проблеми, учествуваат во планирањето и донесувањето на одлуки.

Од многуте дефиниции кои се сретнуваат во литературата, за потребите на овој труд се користи дефиницијата на Плушковски, која во својата книга *Социјалната работа во локалната заедница* ја цитира Доневска: локалната заедница претставува рамка за секојдневно битисување на луѓето, место за нивна средба со општеството. Во неа тие се среќаваат со сите институции на општеството на социјален, економски, културен и друг план. Во неа тие поминуваат поголем дел од својот живот и задоволуваат голем дел од нивните секојдневни потреби во областите на домувањето, екологијата, образованието, криминалот и друго[18].

При дефинирањето на поимот, треба да се направи разлика меѓу поимите локална заедница и локална самоуправа. За нивно разграничување, ќе се искористи дефиницијата на Европската повелба

---

[18] Доневска, М., (2006), *Социјалната работа во локалната заедница*, Филозофски факултет, Скопје, стр. 13 (според Плушковски)

за локална самоуправа, според која локалната самоуправа претставува право и оспособеност на локалните власти да, во граници на законот регулираат и раководат со значаен дел на јавни работи, на основа на сопствена одговорност и во интерес на локалното население[19].

Притоа, според Вучетиќ и Јаничевиќ, локалната заедница е социолошки поим со кој се означува одреден општествен систем, група на луѓе кои живеат на одредена територија, и кои се поврзани со просторна блискост, заеднички потреби и активности за нивно задоволување. Тоа е едно пошироко опкружување во кое локалната самоуправа ја врши својата дејност[20].

### 3.2. Развој на локалната самоуправа

Првите облици на локалната самоуправа настанале во Европа во XV и XVI век, и биле поврзани со средовековните „комуни" - градови, кои од феудалните господари прво ја преземале самоуправата, а подоцна стекнале и други политички права. Таквите комуни долго време имале соодветен воен, црковен, административно-аристократски и феудален карактер.

Со Француската револуција од 1789 година, како и со други буржоаско-демократски револуции, локалната самоуправа се воспоставила како нова власт во локалните заедници. Тоа посебно било изразено во текот на XIX век, со паралелниот равој на капитализомот и буржоаската држава. На тој начин, локалната самоуправа станала составен дел од единствената државна организација како облик на децентрализација.

Во XIX и XX век, локалната самоуправа, посебно во Европа, станува дел од единствениот систем на државна власт, и во зависност од тоа, има одредени карактеристики и облици.

---

[19] Европската повелба за локална самоуправа, член 3

[20] Vučetić. D., Janićijević. D., (2006), *Decentralizacija kao polaziste daljeg razvoja Srbije – prirucnik,* Centar za razvoj građanskog društva, Niš, str. 31

Карактеристики на локалната самоуправа се:

- граѓаните слободно избираат свое претставничко тело или непосредно одлучуваат за битни прашања од интерес на локалната заедница,
- постои одредена територија,
- постоење на одредена финансиска самостојност (собирање приходи и буџет),
- нормативна самостојност во оквир на Уставот и законите[21].

Основните облици може да се сведат на два основни вида на локална самоуправа. Прв вид е оној во кој локалната самоуправа е одвоена од централните власти (Англија), и втор, во кој локалната самоуправа е подредена на централната власт (Франција).

На Балканските простори, локалната самуправа има свои корени уште од времето на туркото владеење, кога на чело на облиците на локалната самоуправа имало кнезови. Во текот на XIX век, борбата за локалната самоуправа била мошне изразена и остра, и во суштина значела борба против апсолутистичката власт, односно борба за демократија.

Денес, во најголем број на земји во светот, дури и во оние со долга традиција на локална самоуправа, сепак локалната самоуправа останува во втор план во однос на државата и државната власт која ги регулира најважните егистенционални прашања за граѓаните. Поаѓајќи од фактот дека најнепосредното остварување на правото на граѓаните да учествуваат во водењето на јавните работи е баш на локално ниво, земјите членки на Европскиот Совет ја усвоиле Европската повелба за локална самоуправа, со што дале значаен придонес за развојот на локалната самоуправа.

[21] Gavrilović. A., (1998), *Uloga lokalne samouprave u ostvarivanju sistema drustvene brige o deci,* u BIBLID 0038-982X(2000): 1-4 p.79-92, Beograd, str. 79

### 3.3. Сектори во рамките на локалната заедница

Во секоја ЛЗ, најчесто се препознаваат два сектора, јавен (локални власти и институции, како на пример училишта, ЦСР, судство), и приватен/бизнис (фирми, претпријатија, компании, независно од сопственичката структура). Но, во рамките на ЛЗ постојат и иницијативи на граѓаните кои не се поврзани ниту за институциите, ниту за бизнис секторот. Понекогаш, тие иницијативи се неформални, но најчесто тие се покренуваат преку здруженија на граѓани и непрофитни организации. Сите тие иницијативи, здруженија и организации го сочинуваат т.н. трет сектор, кој го претставува просторот за граѓански акции и израз на потребите на населението.

За успешен развој на заедницата и задоволување на потребите на граѓаните, потребно е воспоставување на партнерски однос меѓу секторите во ЛЗ. Соработката е значајна за размена на искуства и стручно знаење, за искористување на ресурсите на секој од секторите, како и за искористување на моќта што одредени сектори ја имаат во процесот на донесување на одлуки, кои се неопходни за остварување на нивните цели и задоволување на заедничките потреби.

Освен воспоставување на партнерство, потребно е и размислување за долгорочна соработка што ќе обезбеди поголема стабилност во партнерството и остварување на подолгорочно влијание. Некој од секторите (особено приватниот) може да помогне со поголемо вложување на финансиски сретства, изнајмување простор, анимирање на волонтери.

При воспоставување на соработката меѓу секторите во ЛЗ, многу се значани и медиумите бидејќи претставуваат значаен ресурс за добивање на поширока поддршка од граѓаните, која е значајна за решавање на одредени проблеми. Медиумите можат да бидат сојузници за решавање на одреден проблем. Тие можат да ја пренесат пораката на која локалното население сака да обрне внимание, информираат за преземените активности и ги пренесуваат резултатите од сработеното.

### 3.4. Локалната заедница како поле за социјални активности

Во ЛЗ, луѓето имаат заеднички потреби кои се задоволуваат со извршување на одредени активности. Од друга страна, секоја ЛЗ остварува одредени функции, како во интерес на граѓаните кои живеат на нејзината територија, така и во интерес на државата на која ѝ припаѓа. Со остварувањето на функциите на ЛЗ, не се намалува значењето на различните спонтани активности и неформалните обрасци на комуникација и меѓусебни односи на граѓаните. Колку е ЛЗ поразвиена, толку нејзините социјални и други активности се поразновидни.

Социјалниот живот на граѓаните во една ЛЗ е обликуван од различни фактори. Од една страна, значајни се социјалните, економските, политичките, културните, спортските, едукативните, еколошките и другите активности на самата ЛЗ. Од друга страна, подеднакво влијаат и одредни специфични вредности, обрасци на однесување, обичаи и традиции, карактерстични за некоја ЛЗ.

Солидарноста и взаемноста се чести принципи на здружување и функционирање на некои ЛЗ, и со тоа се создава простор за конкретни социјални активности и акции насочени кон благосостојба на граѓаните и давање на посебна поддршка и помош на оние кои се најзагрозени или маргинализирани. Како што истакнуваат Милосављевиќ и Бркиќ, во зависност од карактерот на општествено-економскиот и политичкиот систем, социјалната активност во ЛЗ се остварува низ повеќе или помалку развиени институционализирани системи на социјална политика или социјално-заштитна функција на заедницата[22]. Демократскиот и децентрализираниот систем на социјална политика ја шири скалата на социјални активности и можности за учество на граѓаните во сите сегменти и содржини.

Во ЛЗ се воспоставуваат интеракции меѓу луѓето, инстистуциите и организациите. Тие релации се реципрочни, меѓусебно поврзани и условени, и го градат системот кој се нарекува заедница. Од квалитетот

[22] Milosavljević, M., Brkić, M., (2005), *Socijalni rad u zajednici*, Fakultet politickih nauka, Beograd, str. 35

на интеракциите зависи и квалитетот на живот во заедницата. Во таа насока, како што истакнува Доневска, праксата на социјалната работа е насочена кон подобрување на интеракцијата помеѓу луѓето со паралелно создавање на поголеми придобивки од околината[23].

[23] Доневска, М., (1999), *Теоретските основи на социјалната работа*, Филозофски факултет, Скопје, с. 43

# IV ПОГЛАВЈЕ
# ПЛУРАЛЕН ПРИСТАП ВО НАМАЛУВАЊЕТО НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 4.1. Плурализација на социјалната заштита во Република Македонија во однос на лица кои злоупотребуваат дрога

Согласно со сопствените потреби и можности, РМ го развива системот на социјалната заштита како едно од најприоритетните задачи за развој на општеството. Во насока на плурализам, деинституционализација и децентрализација, се зголемуваат актерите на локално ниво, при што граѓаните на нашата земја имаат можност да бираат меѓу повеќе алтернативи за задоволување на сопствените потреби од областа на социјалната заштита.

Законот за социјалната заштита определува дека, во согласност со начелото на социјална праведност, Републиката го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош[24]. Врз основа на правата од социјалната заштита, се преземаат мерки преку кои се остварува социјалната превенција, вонинституционалната и институционалната заштита и паричната помош од социјална заштита.

Притоа, во рамките на своите надлежности како носители на социјалната заштита се определени Републиката, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје.

Истовремено, за остварување на социјалната заштита, многу различни установи (установи за згрижување на деца - детски градинки, училишта, здравствени установи, полиција, правосудни и други државни тела и органи, правни и физички лица и здруженија на граѓани), соработуваат со установите за социјалната заштита[25].

Согласно овој закон, работи од областа на социјалната заштита можат да вршат здруженија на граѓани и физичко лице, верските заедници, религиозните групи и нивните здруженија кои се регистрирани во РМ[26].

Целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните на РМ, со мерки на активна социјална политика, на

[24] Закон за социјалната заштита, (Сл. Весник на РМ, бр. 79/09), член 3
[25] Закон за социјалната заштита, (Сл. Весник на РМ, бр. 79/09), член 14
[26] Закон за социјалната заштита, (Сл. Весник на РМ, бр. 79/09), член 18 и 19

среден и долг рок, се утврдуваат со Национална програма за развој на социјалната заштита, што ја донесува Владата на РМ. Со овој документ Владата ги утврдува подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението, социјалната превенција и начинот и средствата за остварување на социјалната заштита. Во рамките на мерките за унапредување на социјалната заштита, во овој документ се препорачува воведување на нов облик на спроведување на социјалната рехабилитација на лица кои употребуваат односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори во тераписки заедници (комуни)[27]. Исто така, се препорачува и збогатување на мрежата на центри за дневно и привремено прифаќање и згрижување, преку отворање на дополнителни центри, територијално распоредени согласно со локалните потреби на населението, за неколку категории на граѓани[28], меѓу кои и корисници на дрога[29].

За овој труд, значајна е и Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010 – 2020. Една од специфичните стратешки цели на оваа стратегија е оформување на систем на социјална заштита на најсиромашните граѓани, обезбедување пристапи кон вонинституционални и институционални форми на заштита и зајакнување на капацитетите на системот на социјална заштита[30]. Во рамките на оваа цел предвидено е обезбедување пристап кон вониституционални и институционални форми на заштита, меѓу кои и креирање на социјално заштитни програми специфично насочени кон помош и поддршка на деца кои злоупотребуваат дрога.

За потребите на овој труд, во овој дел ќе бидат разгледани улогите на установите од областа на социјалната заштита (ЗСД, ЦСР и ДЦ), ЕЛС, НВО и верските заедници во РМ.

[27] Национална програма за развој на социјалната заштита 2011 – 2021, стр. 53
[28] стари лица; деца на улица; корисници на алкохол; лица со ментална или телесна инвалидност.
[29] Национална програма за развој на социјалната заштита 2011 – 2021, стр. 54
[30] Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010 – 2020, стр. 63

### 4.1.1. Улогата на установите од областа на социјалната заштита за заштита на лица кои злоупотребуваат дрога

Во однос на социјалната заштита на лицата кои употребуваат/злоупотребуваат droги и други психотропни супстанци и прекурзори, законски задолженија имаат ЗСД, ЦСР и ДЦ.

ЗСД е установа за проучување на социјалните појави и проблеми и унапредување на социјалните дејности. Законот за социјалната заштита (член 129) јасно ги дефинира законските задолженија на оваа установа, при што сите задолженија се однесуваат на сите категории на лица во социјален ризик. Во однос на лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и прекурзори ЗСД има изработено Стручно-методолошко упатство за организација и работа на дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции и нивните семејства. Во овој документ се даваат јасни насоки за услугите во ДЦ, капацитет, простор и опрема, активности, кадровска екипираност, методологија на работа со корисниците на услугите во ДЦ, како и начинот на водење на евиденција на стручната работа со корисниците[31].

Исто така, ЗСД има изработено и Стручно-методолошко упатство за работа на ЦСР со лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции и нивните семејства. Во овој документ се образложени причините и факторите кои влијаат на порастот на злоупотреба на дрогата и други психотропни супстанци, ризиците на кои се исложени лицата кои злоупотребуваат дрога, формите на работа на ЦСР со лицата кои злоупотребуваат дрога, и протоколот за упатување на лицата кои злоупотребуваат дрога во ЦСР, од страна на други институции и организации[32].

Исто така, во рамките на својата надлежност да врши надзор над стручната работа, ЗСД им нуди стручна помош на стручните работници

[31] *Стручно-методолошки упатства и прирачници – Документи* (2007), ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје, стр. 87-91

[32] *Стручно-методолошки упатства и прирачници – Документи* (2007), ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје, стр. 98-105

во системот на социјалната заштита (ЦСР, ДЦ и ЈУ), во решавање на конфликти во семејства каде има лице кое злоупотребува дрога.

Согласно Законот за социјалната заштита, ЦСР е јавна установа за вонинституционална заштита, која има јавни овластувања заради вршење на работите од социјалната заштита, и тоа на подрачјето на една или повеќе општини. За спроведување на социјалната заштита, како и за реализирање на стручната работа, ЦСР има бројни задолженија[33]. Сите се значајни за предметот на овој труд, а согласно сложеноста на проблемот на злоупотреба на дроги, особено е значајно што ЦСР применува форми на стручна, советодавна, советувалишна и интердисциплинарна тимска работа.

Дневните центри се установи за социјална заштита за вонинституционална заштита. Согласно член 31 од Законот за социјалната заштита, право на дневно згрижување во дневен центар се обезбедува на повеќе категории на граѓани[34], меѓу кои и лице кое употребува, односно злоупотребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори и на членовите на неговото семејство. Истовремено, помошта во дневно и привремено прифаќање и згрижување се обезбедува и тогаш кога тие живеат во семејство. На лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстаниции и прекурзори, и на членовите на нивните семејства, во ДЦ им се обезбедуваат советодавни услуги, услуги на информирање и едукација, работно ангажирање, културно-забавни и рекреативни активности.

Истовремено, би требало да се нагласи дека освен услугите што можат да се користат согласно Законот за социјалната заштита, во ДЦ како уставови за социјална заштита, се обезбедува и здравствен

---

[33] Открива, следи и проучува социјални појави и проблеми, врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба на лицето или семејството, поттикнува и презема превентивни дејствија во спречувањето и отстранувањето на причините за настанување на положба од социјален ризик, изготвува планови и програми за социјална заштита, применува и спроведува соодветни облици и форми на социјална заштита и непосредно помага на граѓанин или семејство, развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита, поднесува извештај до МТСП, применува и спроведува програми и други општи акти од обласга на социјалната заштита, донесени и финансирани од општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, поттикнува, организира и координира волонтерски активности на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на програми за социјална заштита на подрачјето на општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје.

[34] Старо, изнемоштено лице и друго возрасно лице;лице со умерена и тешка попреченост во менталниот развој и на лице со телесна попреченост кое не може само да се грижи за себе; дете со телесна попреченост; дете на улица; и лице кое злоупотребува алкохол или се лекува од зависнот од алкохол и на членовите на неговото семејство.

третман согласно Законот за здравствената заштита[35]. Исто така, согласно овој закон[36], установите од областа на социјалната заштита, можат да спроведуваат одредени мерки од здравствената дејност на примарно ниво за лицата сместени во нив.

### 4.1.2. Улогата на единиците на локалната самоуправа за заштита на лица кои злоупотребуваат дрога

Улогата на ЕЛС во однос на социјалната заштита, е определена со Законот за социјалната заштита. Имено, согласно овој закон, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат спроведување на социјалната заштита, донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита (согласно со Националната програма), ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита[37].

Преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување и подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјалната заштита, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат остварување на социјалната заштита на повеќе категории на граѓани во социјален ризик[38]. Меѓу нив, се и лицата кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и прекурзори.

Исто така, Законот за социјалната заштита определува дека Општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје можат со своја одлука, во согласност со материјалните можности, да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од обемот на правата утврдени со овој закон и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита[39].

---

[35] Закон за здравствената заштита (Сл. Весник на РМ, бр. 43/12), член 26
[36] Op. Cit., член 96
[37] Закон за социјалната заштита, (Сл. Весник на РМ, бр. 79/09), член 11
[38] Лица со инвалидност, деца без родители и децата без родителска грижа, деца со пречки во менталниот и телесниот развој, деца на улица, деца со воспитно-социјални проблеми, деца од еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик, лица кои злоупотребуваат алкохол, лица жртви на семејно насилство, лица жртви на трговија со луѓе, стари лица без семејна грижа.
[39] Закон за социјалната заштита, (Сл. Весник на РМ, бр. 79/09), член 12

Согласно член 87 од Законот за социјалната заштита, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје можат да основаат јавна установа за вонинституционална и институционална заштита (освен ЦСР и јавна установа за сместување на деца и младинци со нарушено поведение). Исто така, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје, со дел од својот буџет обезбедуваат средства за финансирање на социјалната заштита, како и за работа на јавната установа за социјална заштита која ја основа општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје. Исто така, од сопствени средства и од други извори општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје можат самостојно да финансираат и програма за социјална заштита на граѓаните од нивното подрачје над нивото што го обезбедува Републиката.

Од друга страна, одредени законски задолженија на ЕЛС во однос на социјалната заштита на лица кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и прекурзори, се определни и во Законот за локалната самоуправа. Согласно овој закон, во листата на надлежности е определена и социјалната заштита и заштитата на децата која се врши во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита[40]. Меѓу категориите[41], се и лицата засегнати со злоупотреба на дрога.

Иако ЕЛС имаат големи законски задолженија да спроведуваат одредени работи од областа на социјалната заштита за многу категории на лица во социјален ризик (меѓу кои и лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и прекурзори), едно прашање останува отворено. Дали сите општини во РМ имаат доволно административни, просторни и финансиски капацитети за исполнување на своите законски задолженија во областа на социјалната заштита.

---

[40] Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ, бр. 5/02), член 22

[41] Инвалидни лица; деца без родители и родителска грижа; деца со воспитно- социјални проблеми; деца со посебни потреби; деца од еднородителски семејства; деца на улица; лица изложени на социјален ризик; лица засегнати со злоупотреба на алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст.

### 4.1.3. Улогата на невладините организации за заштита на лица кои злоупотребуваат дрога

За развој и унапредување на социјалната заштита во РМ, значаен е и активизмот на НВО. Законот за социјалната заштита (член 157) определува широк дијапазон на работи од социјална заштита[42], кои можат да ги вршат здруженијата на граѓани (освен работите кои како јавно овластување со закон се доверени на ЦСР). Исто така, согласно Законот за социјалната заштита, здруженијата на граѓани, можат да даваат одредени услуги на лица кои се наоѓаат во социјален ризик и на кои им е потребна помош, доколку имаат претходна согласност од МТСП[43].

Но, здруженијата на граѓани можат да вршат одредени работи од социјална заштита, само доколку се регистрирани за остварување на цели и задачи од областа на социјалната заштита. Притоа, согласно Законот за социјалната заштита, како цели и задачи од областа на социјалната заштита се сметаат, социјална превенција; развој и обезбедување на услуги од социјалната заштита на лица, семејства и групи на граѓани изложени на социјален ризик; развој и унапредување на социјалната заштита и развој и унапредување на волонтерската работа во општината[44].

Здруженијата на граѓани кои вршат дејност од областа на социјалната заштита се впишуваат во регистар кој го води МТСП, доколку исполнуваат одредени услови од аспект на просторни и кадровски услови, економски и финансиско работење, и најважно, активно работење во областа на социјалната заштита или социјална политика (најмалку три години од денот на основањето), како и реализација на проекти од областа на социјалната заштита или социјална политика (најмалку три).

Сепак, позитивен е фактот што Владата на РМ воведе механизми за зголемување на учеството на граѓанското општество во креирањето на политиките и во изработката на законите. За поздравување е донесувањето

[42] Истражување на социјални појави; социјална превенција; едукација, советување и стручна подготовка за лица изложени на социјален ризик; социјални услуги на лица, семејства и групи на граѓани изложени на социјален ризик; советување и обука на волонтери; домашна нега и помош на поединец и семејство; дневно и привремено прифаќање и згрижување на корисници на социјална заштита во дневен центар, развој и унапредување на волонтерскатаработа во општината; развој и унапредување на социјалната заштита во доменот на своето работење; самостојно живеење со поддршка и обезбедување на мерки за заштита на лица-жртви на семејно насилство (согласно со Законот за семејството).

[43] Закон за социјалната заштита, (Сл. Весник на РМ, бр. 79/09), член 163

[44] Op.Cit., член 152

на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017). Останува уште да се следи напредокот во однос на нејзината имплементација.

Од друга страна, треба да се иницира и поголемо ангажирање во спроведувањето на Законот за донации и за спонзорство во јавните дејности[45], кој поради сложените административни барања и недостигот од јавна свест, ги прави НВО мошне зависни од странски донатори.

### 4.1.4. Улогата на верските заедници за заштита на лица кои злоупотребуваат дроги

Во однос на слободата на вероисповед, во 2007 година се донесе Законот за правната положба на црквите, верските заедници и религиозните групи[46]. Со овој закон се уредуваат основањето и правниот статус на црквата, верската заедница и религиозната група, уредување на богослужба, молитва и верски обред, верска поука и образовни дејности, приходи на црквата, верската заедница и религиозната група, како и други прашања. Овој закон не содржи одредби кои би ја определиле улогата на овие институции во областа на социјалната заштита на граѓаните.

Но, црквите, верските заедници и религиозните групи можат да спроведуваат одредени активности од областа на социјалната заштита согласно Законот за социјалната заштита. Имено, исто како и НВО, и верските заедници, религиозните групи и нивните здруженија кои се регистрирани во РМ, можат да им помагаат на лицата кои имаат потреба од одделни видови на социјална заштита, и можат да даваат одредени услуги на лица кои се наоѓаат во социјален ризик и на кои им е потребна помош, доколку имаат претходна согласност од МТСП[47].

Иако никаде јасно не е определена улогата на црквите, верските заедници и религиозните групи во однос на помош и заштита на лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци,

---

[45] Сл. Весник на РМ, бр. 47/06
[46] Сл. весник на РМ, бр. 113/07
[47] Закон за социјалната заштита, (Сл. Весник на РМ, бр. 79/09), член 19

останува претпоставката за отвореноста на овие институции за помош на оваа категорија на граѓани.

## 4.2. Регулирање на проблемот на droги во македонското законодавство

Република Македонија има преземено сериозни чекори во регулирањето на проблемот на зависности од дрога, а здравствените, социјалните и другите проблеми кои ги предизвикува зависноста од друга несомнено ја наметнува потребата од анализа на законодавството од оваа област.

Согласно Конвенцијата за наркотични droги (1961) и Конвенцијата за психотропни супстанци (1971), во 2008 година РМ го усвои Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции. Во овој закон се поставени неколку цели[48]: спречување и сузбивање на злоупотребата на опојните droги и психотропни супстанции; спречување на недозволено производство и промет на опојни droги, психотропни супстанции и растенија од кои може да се добие опојна дрога, и супстанции кои можат да се употребат за производство на опојни droги или психотропни супстанции; и заштита на животот и здравјето на луѓето и контрола на опојните droги и психотропните супстанции. Согласно член 6 од овој закон, Владата на РМ формира Меѓуресорска државна комисија[49] за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на droги.

Од аспект на здравствената заштита на зависниците од дрога, значаен е и Законот за здравствената заштита, кој во видовите на здравствени установи предвидува и центар кој, за подрачјето за кое е основан, организира и спроведува мерки преку кои на пациентите им обезбедува итна медицинска помош од местото на настанување на

[48] Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанци (Сл. Весник на РМ, бр. 103/08), член 1

[49] Меѓуресорската комисија ја сочинуваат претставници на министерствата за правда, за внатрешни работи, за здравство, за локална самоуправа, животна средина и просторно планирање, за надворешни работи, за образование и наука, за труд и социјална политика, за земјоделство, шумарство и водостопанство, за финансии, Царинската управа и Агенцијата за млади и спорт.

ургентната здравствена состојба со преземање на мерки за реанимација и интензивна нега до местото на најблиската соодветна здравствена установа за згрижување и лекување, акутен третман, рехабилитација и реинтеграција, како и друг вид на поддршка. Меѓу другото[50], Центар се основа и за третман на зависности.

За овој труд значаен е и Законот за прекурзори[51] кој го уредува системот за следење и контрола на производството и прометот на прекурзори со цел спречување на злоупотребата на прекурзори за нелегално производство на опојни droги и психотропни супстанции, како и заради заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на животната средина од штетното влијание на прекурзорите.

Владата на РМ има донесено пет закони за ратификување на соработката со други држави за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори и други нелегални активности, и тоа со: Советот на министрите на Република Албанија[52], Владата на Република Бугарија[53], Владата на Република Црна Гора[54], Советот на министри на Босна и Херцеговина[55] и Владата на Романија[56].

Освен со закони, проблемот на зависност од дроги се третира и со подзаконска регулатива. Во таа насока, треба да се истакне дека на крајот на 2006 година, беше усвоена Националната стратегија за дроги (2006 - 2012), чија основна цел беше преку координиран и синхронизиран пристап во локалната заедница да се обезбеди намалување на достапноста на дроги, намалување на бројот на лица кои започнуваат да користат дрога, развивање на здравствени и социјални сервиси кои ќе обезбедат достапен и ефикасен третман и грижа за лицата кои користат дроги, како и намалување на штетите од користењето на дроги. Основните стратешки области на дејствување во справување со проблемот на злоупотреба на дроги се: примарната превенција;

[50] Итна медицинска помош, ментално здравје и за рехабилитација.
[51] Сл. Весник на РМ, бр. 37/04
[52] Сл. Весник на РМ, бр.30/05
[53] Сл. Весник на РМ, бр.6/03
[54] Сл. Весник на РМ, бр.52/03
[55] Сл. Весник на РМ, бр.14/09
[56] Сл. Весник на РМ, бр.42/04

градската безбедност; лекување; рехабилитација и ресоцијализација; намалување на штети, и координација и соработка.

За овој труд значајна е и Националната стратегија за сексуалното и репродуктивното здравје во Република Македонија (2010 - 2020). Во овој национален документ, при определувањето на приоритетните здравствени проблеми и состојби, се предвидува цел на одржување на ниска преваленција на ХИВ инфекција, при што лицата кои инјектираат дроги се една од целните групи. Исто така, корисниците на дрога се една од целните групи во целта на одржување на сексуално и репродуктивно здравје на вулнерабилни и маргинализирани групи[57].

Во Националната програма за млади на Република Македонија се предвидува широка едукација на децата и младите, преку голем број на програми и активности. Меѓу нив, предвидена е и Програма за едукација на младите луѓе за личното здравје и хигиена, сексуално и репродуктивно здравје, превенција на дрога, алкохол и цигари, со цел намалување на ризиците по здравјето на младите преку учење и прифаќање на здрави животни стилови, грижа и нега на сопственото здравје; Програма за подигање на свеста и едукација на младите луѓе за опасностите од конзумирањето дрога, алкохол и цигари; Подигање на свеста и обука на наставничкиот кадар, педагозите и психолозите, и особено социјалните работници за решавање на проблемите од конзумирање дрога, алкохол и цигари помеѓу младите луѓе; Кампања за подигање на свеста на целокупното население за растечките проблеми на дрогата во Република Македонија; Инвестирање во систем на перманентен, активен здравствен третман и рехабилитација на зависниците, како и нивна реинтеграција во општеството.

Во Здравствената стратегија на Република Македонија 2020: Сигурен, ефикасен и правичен здравствен систем, се предвидуваат приоритети за подобрување на специјализираната здравствена заштита – јавно здравје, при што особено внимание ќе се посвети на адолесцентите кои ќе бидат опфатени со програмските активности за унапредување на здравјето и намалување на штетните ефекти по

---

[57] Мажи, мигранти, бегалци, лица со посебни потреби

здравјето од конзумирањето супстанции што создаваат зависност како што се тутунот, алкохолот и психоактивните droги.

За овој труд значана и е Комуникациска стратегија за дроги, психотропни супстанци и прекурзори од 2007 година. Со овој документ ќе се зголеми на информираноста на професионалните работници и општата популација за дрогите и зависноста поврзана со дрога; ќе се зголеми знаењето со цел усвојување на стандардизиран пристап, осигурување на квалитет, примена на интервенции базирана на научни докази, како и примена на добрите пракси на Европската Унија, со почитување на човековото достоинство, слобода, демократија, еднаквост, солидарност, владеење на правото и човековите права.

На локално ниво, особено е значајно донесувањето на Локалната стратегија за дроги на Град Скопје (превенција, лекување, рехабилитација и ресоцијализација, намалување на штети и градска безбедност) 2008 – 2013, како и Акционите планови за справување на проблемот на дрогата во градот за тој период. Општа цел на оваа Стратегија е преку координиран и синхронизиран пристап во локалната заедница да се обезбеди намалување на достапноста на дроги, намалување на бројот на лица кои започнуваат да користат дрога, развивање на здравствени и социјални сервиси кои ќе обезбедат достапен и ефикасен третман и грижа за лицата кои користат дроги, како и намалување на штетите од користењето на дроги.

### 4.3. Системот на локална самоуправа во Република Македонија

Со донесувањето на Уставот на РМ во 1991 година, започнаа реформите на локалната самоуправа. Уставот од 1991 година го гарантира правото на локална самоуправа и го вбројува во темелните вредности на уставниот поредок во државата. Единиците на локалната

самоуправа се општините[58], а градот Скопје е определен како посебна единица на локалната самоуправа[59].

Од 1991 година, до денес, усвоени се два закона за локална самоуправа. Првиот беше донесен во 1995 година, и со него РМ беше организирана како исклучително централизирана држава. Ваквиот начин на територијално уредување најчесто беше оправдуван со процесот на градење на државниот систем по удирањето на темелите на суверена, самостојна и независна Република Македонија.

Со донесувањето на вториот закон во 2002 година[60], се зголеми бројот на функции во надлежност на локалната самоуправа, што имаше за цел да ја намали моќта на централната власт и да се создадат капацитети на локалната самоуправа кои ќе бидат противтежа на централната власт. Притоа, централната власт се ослободува од товарот што  е наметнат со секојдневните локални прашања и проблеми кои со децентрализацијата ќе бидат секојдневна обврска на самата локална самоуправа.

За поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините, две или повеќе општини можат да воспостават меѓуопштинска соработка, преку самостојно и доброволно одлучување. Ова прашање е уредено со Закон за меѓуопштинска соработка[61].

За градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, донесен е Законот за град Скопје, во кој се определени надлежностите на градот Скопје и општините на градот Скопје[62]. При тоа, во рамките на надлежностите во делот на социјалната и детската заштита предвидено е остварување на социјална грижа за лица засегнати со злоупотреба на дрога. Исто така, во овој дел, значајно е да се напомене дека РМ е потписник на Европската повелба за локална самоуправа на Советот на Европа која беше усвоена во 1985 година. Република Македонија ја потпиша оваа повелба во 1996 година, а Собранието на РМ ја ратификуваше во 1997 година.

---

[58] Устав на Република Македонија, член 114
[59] Op. cit., член 117
[60] Сл. Весник на РМ, бр.5/02
[61] Сл. Весник на РМ, бр. 79/09
[62] Закон за градот Скопје (Сл. Весник на РМ, бр.55/04), член 10 и 11

# ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. Формулација на проблемот на истражување

Употребата, односно злоупотребата на дрогата претставува сериозен социјален проблем бидејќи бројот на лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци сè повеќе се зголемува, но се намалува возрасната граница на лицата кои прв пат пробуваат дрога. Тоа има последици и за корисникот, за семејството, за средината во која лицето живее, но и за целото општество. Затоа, за сузбивање на овој проблем значајни се активностите на бројни чинители кои имаат некаква улога во третирањето на проблемот на употреба/злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, односно значаен е плуралниот пристап.

Во овој труд се разгледува плуралниот пристап во намалувањето на употребата, односно злоупотребата на дрогите и другите психотропни супставни на ниво на локалната заедница, бидејќи тоа е примарна средина за разрешување на социјални проблеми.

Во ова истражување се прикажани податоци за капацитетите на институциите од системот на социјална заштита (ЦСР и ДЦ), и нивната можност да придонесат кон намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата. Разгледана е и можноста за зголемувањето на мобилноста на општините за промовирање на здрав живот на младите, и дали тоа може да придонесе за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата. Исто така, во ова истражување се прикажани и податоци за можноста за придонес во севкупните напори за намалување на употребата/ злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата, од страна на НВО и различни верски заедници во РМ.

Поради негативното влијание на злоупотребата на дрогата и последиците кон корисникот, семејството, заедницата и општеството, во овој труд како главно истражувачко прашање се поставува следново: Дали плуралниот пристап во решавање на проблемите со

употреба/злоупотреба на droги и други психотропни супстанци, може да придонесе за намалување на овој социјален проблем во заедницата.

## 2. Цели на истражување

### 2.1. Научна цел на истражувањето

Научната цел на истражувањето ќе се постигне со одговор на поставеното истражувачко прашање, односно дали плуралниот пристап допринесува за намалување на проблемите со употреба/злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, на ниво на локалната заедница.

### 2.2. Практична цел

Се очекува, резултатите од истражувањето да овозможат развивање и/или подобрување на соодветни политики, изработка на стратешки документи и акциони планови за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанции во заедницата. Истовремено, се очекува од добиените резултати да произлезат препораки за поголемо активирање и/или зголемување на соработката меѓу надлежните субјекти во локалната заедница, во борбата против употребата, односно злоупотребата на дрогите и другите психотропни супстанци.

### 2.3. Посебни цели на истражувањето

- Ова истражување има за цел да покаже дали зајакнувањето на капацитетите на институциите од системот на социјална заштита (ЦСР, ДЦ), може да придонесе за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата;

- Ова истражување има за цел да покаже дали зголемувањето на мобилноста на општините за промовирање на здрав живот на младите, може да придонесе за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата;
- Ова истражување има за цел да покаже дали активностите и програмите на невладините организации можат да придонесат во севкупните напори за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата; и
- Ова истражување има за цел да покаже дали промоцијата на улогата на верските заедници во социјалниот живот на младите, може да придонесе за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата.

# 3. Предмет на истражување

## 3.1. Теоретско определување на предметот

Основен предмет на истражувањето се активностите на различни субјекти (центри за социјална работа, дневни центри за лица кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци, општини, невладини организации и верски заедници) во локалната заедница и нивното влијание на намалувањето на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанции.

## 3.2. Дефинирање на клучните поими

Во овој магистерски труд како основни поими се јавуваат следниве:

**Плурален пристап** означува учество на многубројни субјекти од јавниот, приватниот, невладиниот сектор и на хуманитарните и религиските организации, во спроведување на определени активности[63].

**Социјален плурализам** (комбиниран модел на социјална политика) претставува диверсификација на сектори и поединци кои учествуваат во системот на социјалната политика. Тој укажува на т.н. социјален триаголник во кој, системот на социјалната политика претставува резултат од делувањето на три сектори: владиниот или државниот сектор, приватниот профитен и приватниот непрофитен систем[64].

**Локална заедница** претставува рамка за секојдневно битисување на луѓето, место за нивна „средба" со општеството. Во неа тие се среќаваат со сите институции на општеството на социјален, економски, културен и друг план. Во неа тие поминуваат поголем дел од својот живот и задоволуваат голем дел од нивните секојдневни потреби во областите на домувањето, екологијата, образованието, криминалот и друго[65]

Истовремено, за потребите овој магистерски труд, од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци[66], се преземени дефинициите за поимите опојна дрога и психотропна супстанција.

**Опојна дрога** е секоја супстанција од природно или вештачко потекло која е распоредена во листата на опојни дроги во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојни дроги или врз основа на одлука на надлежен орган[67].

---

[63] ACPO Drugs Committee, *A review of drugs policy and proposals for the future,* The Association of Chief Police Officers: London, 2002,p.113

[64] *Речник социјалне сигурности,* (2006), CARDS Social Institutions Support Programme, Регионална канцеларија Савета Европе, Београд, стр. 17

[65] Доневска, М., (2006), *Социјалната работа во локалната заедница*, Филозофски факултет, Скопје, стр. 13 (според Плушковски)

[66] Сл. Весник на РМ, бр. 103/08

[67] Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци (Сл. Весник на РМ, бр. 103/08), член 3, став 7

**Психотропна супстанција** е секоја супстанција од природно или вештачко потекло, која е распоредена во листата на психотропни супстанции во согласност со меѓународните конвенции за контрола на опојните дроги и/или врз основа на одлука на надлежен орган[68].

**Злоупотреба на дрога** е секое земање дрога и/или било кое друго средство на зависност кое е штетно по здравјето и е забрането со законски и/или подзаконски акти кои ја регулираат злоупотребата на дрогата[69].

# 4. Хипотези во истражувањето

## 4.1. Општа хипотеза

Плуралниот пристап во третирањето на проблемот на употребата, односно злоупотребата на droги и други психотропни супстанци, допринесува за намалување на овој социјален проблем на ниво на локалната заедница.

## 4.2. Поединечни хипотези

- Зајакнување на капацитетите на институциите од системот на социјална заштита (центар за социјална работа, дневен центар за лица кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци), може да придонесе за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата.

- Зголемувањето на активноста на општините во социјалната мобилизација на граѓаните за промовирање на здрав живот на младите,

[68] Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци (Сл. Весник на РМ, бр. 103/08), член 3, став 10

[69] Brlas, S., (2011), *TERMINOLOŠKI OPISNI RJEČNIK OVISNOSTI: OPIS VAŽNIH TERMINA IZ PODRUČJA OVISNOSTI O DROGAMA, ALKOHOLIZMA I PROBLEMATIČNOG I PATOLOŠKOG KOCKANJA*, Zavod za javno zdravstvo „Sveti Rok", Virovitica, s. 128

може да придонесе за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата.

- Активностите предвидени во програмите на невладините организации можат да придонесат за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата.

- Промоцијата на улогата на верските заедници во социјалниот живот на младите, може да придонесе за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци во заедницата.

# 5. Метод на истражување

## 5.1. Пристап – истражувачка стратегија

Како пристап во овој магистерски труд е применета триангулацијата, како комбинација на квалитативниот и квантитативниот метод. Со ова истражување се проучува проблем кој во Република Македонија не е истражуван, со тоа се истакнува експлоративната природа на истражувањето.

## 5.2. Техники за собирање на податоци

За потребите на истражувањето во овој труд, конструирани се пет инструменти во рамки на полуструктуирано интервју и анкета.

**Прашалникот за директори на ЦСР** содржи прашања во однос на исполнувањето на надлежностите на ЦСР за работа со лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци, и членови на нивните семејства, потребни обуки за работа со оваа категорија на корисници, задоволството од техничките и просторните услови за работа, начин на финансирање, како и соработка

со други институции. Исто така, прашалникот содржи прашања за нивни предлози за зголемување на нивните капацитети за работа. Овој прашалник содржи 12 прашања, од кои 5 затворени, 1 отворено и 6 полуотворени прашања.

**Прашалникот за стручни работници кои работат на проблематиката употреба, злоупотреба на droги и други психотропни супстанци, во дневните центрите за лица кои употребуваат, злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и членовите на нивните семејства** содржи прашања за активностите на ДЦ за работа со оваа категорија на граѓани, потребни обуки, задоволството од техничките и просторните услови за работа, начин на финансирање, како и соработка со други институции. Исто така, и овој прашалник содржи прашања за нивни предлози за зголемување на капацитетите за работа. Овој прашалник има 11 прашања, од кои 3 затворени и 8 полуотворени.

**Прашалникот за градоначалници**, содржи прашања за исполнување на надлежностите на општината во однос на социјалната заштита на граѓаните, а особено за работа со лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотопни супстанци, и членови на нивните семејства. Исто така, има прашања за начинот на финансирање на активностите за работа со ова категорија на граѓани, за соработка со други институции, како и за нивни предлози за зголемување на капацитетите за работа. Овој прашалник има 11 прашања, од кои 5 затворени, 2 отворени и 4 полуотворени.

**Прашалникот за претседателите на невладините организации** содржи прашања за активностите и формите за работа на НВО, за задоволството од условите за работа, начин на финансирање, потребни обуки и соработка со други институции за работа со лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотопни супстанци. Исто така, и овој прашалник има прашања за нивни предлози за зголемување на капацитетите за работа за различни области. Овој прашалник има 13 прашања, од кои 4 затворени, 3 отворени и 6 полуотворени прашања.

**Прашалникот за претставници од верските заедници** содржи прашања за активностите на верските заедници на полето употреба/злоупотреба на droги, соработка со други институции, потребните обуки, како и прашања за нивни предлози за зголемување на капацитетите за работа за различни области. Овој прашалик има 10 прашања, од кои 4 затворени и 6 полуотворени прашања.

Сите прашалници се дадени во прилог на овој труд.

Истовремено, за потребите на истражувањето, се примени и **квалитативна анализа на содржина**. Како конкретен извор на податоци на анализата на содржината во овој труд беа корисени закони и подзаконски акти кои регулираат некои услуги и права на лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотопни супстанци, и членови на нивните семејства.

## 5.3. Дефинирање на истражувачкиот примерок

Интервјуто во ова истражување беше спроведено со:

- директори на ЦСР во РМ (N = 5), избрани по случаен избор, (3 кои во рамките на општините за кои се меснонадлежни имаат дневен центар за лица кои злоупотребуваат дроги (самостојно или во партнерство), и 2 кои во рамките на општините за кои се меснонадлежни немаат таков дневен центар),
- градоначалници избрани по случаен избор кои сакаа да учествуваат во истражувањето (N = 12),
- претседатели на НВО кои работат на полето на намалување на злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци (N = 6), и
- претставници од различни верски заедници во РМ (N = 10, и тоа 5 од православната, 2 од католичката и 3 од исламската верска заедница).

Анкетата беше спроведена со:

- стручни работници од ДЦ за лица кои употребуваат/злоупотребуваат droги и други психотропни супстанци (N = 4),

### 5.4. Тек на истражување

Истражувањето се реализираше во периодот од септември 2011 до септември 2012.

Сите испитаници беа интервјуирани од страна на истражувачот, а прашалниците за стручните работници во ДЦ за лица кои употребуваат, злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и членовите на нивните семејства им беа поделени сами да ги пополнат, и дополнително беа собрани.

Испитаниците беа запознаени со целта на истражувањето, и беа известени дека нивните одговори ќе бидат користени само за потребите на овој труд.

## 6. Резултати од истражувањето и дискусија

### 6.1. Ставови на директори на центри за социјална работа

За потребите на истражувањето беше реализирано интервју со директори на пет ЦСР (Скопје, Крива Паланка, Струмица, Охрид и Гостивар).

Законот за социјалната заштита[70] определува дека, меѓу другото, при спроведувањето на социјалната заштита, како и стручната работа, ЦСР изготвува планови и програми за социјална заштита. При тоа, во истражувањето се покажа дека од 5 ЦСР кои беа дел од истражувањето, само во 3 има содржини насочени кон намалување на

[70] Сл. Весник на РМ, бр. 79/09, член 135

употреба/злоупотреба на droги. Во недостиг на образложение зошто во програмите за социјална заштита на другите 2 ЦСР нема содржини насочени кон намалување на употреба/злоупотреба на дроги, се наметнува потреба да се препорача вметнување на такви содржини согласно сериозноста на проблемот.

Ова истражување покажа дека 2 ЦСР немаат спроведени никакви превентивни активности во однос на употреба/злоупотреба на дроги, во рамките на општините кои се во нивна надлежност. Другите 3 ЦСР кои беа дел од истражувањето имаат организирано некакви превентивни активности за оваа проблематика. Од нив, 2 ЦСР имаат организирано трибини и предавања во основни училишта во рамките на општините кои се во нивна надлежност, а еден ЦСР во рамките на советодавната и советувалишната работа со поединци и семејства, дава информации за штетноста од употребата/злоупотребата на дроги.

Истражувањето покажа дека услугите и правата на лицата кои употребуваат, злоупотребуваат дрога во сите ЦСР се нудат во различни одделенија. Имено, во 2 ЦСР, тие се остваруваат во одделенијата за брак и семејство, во 1 ЦСР во одделение за социјално вклучување и во 1 ЦСР во одделение за заштита на деца и возрасни. Во еден ЦСР услугите и правата на лицата кои употребуваат, злоупотребуваат дрога се нудат само во рамките на ДЦ кој функционира како дел од тој ЦСР. Независно од фактот што овие права и услуги се нудат во различни одделенија, веројатно поради различната организација на ЦСР, сепак битно е дека на било каков начин се нудат права и услуги на лица кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци.

За работа со лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци, се ангажирани стручни лица од различни профили. Преглед 1 го покажува нивниот број во ЦСР кои учествуваат во истражувањето.

**Преглед бр. 1. Број на стручни профили кои работат со лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци**

| **Стручен профил** | **Број** |
|---|---|
| социјален работник | 7 |
| правник | 1 |
| психолог | 5 |
| педагог | 3 |

Од прегледот може да заклучиме дека во работата со со лицата кои употребуваат/злоупотребуваат droги и други психотропни супстанци, работат стручни лица од различни профили, што е значајно бидејќи секој може да даде придонес од различен аспект и пристап согласно професијата. Истовремено, би било добро да се зајакнат капацитетите на ЦСР со стручни лица кои би работеле на проблематиката на употреба/злоупотреба на дроги, поради сериозноста на овој проблем.

Согласно член 129 од Законот за социјалната заштита[71], меѓу другото, ЗСД организира и спроведува облици на едукација на стручните работници во областа на социјалната заштита. Во контекст на ова, ЗСД има организирано и реализирано обуки за стручните работници од ЦСР на тема употреба/злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци. За истражувањето беше значајно дали на стручните работници од ЦСР кои работат на оваа проблематика им се потребни континуирани обуки, сите пет испитаници одговорија потврдно. Ваквиот одговор беше очекуван согласно динамиката и сериозноста на овој социјален проблем.

Во табела 1 прикажани се одговорите во однос на прашањето за задоволството на испитаниците од просторните и техничките услови за работа со лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и членовите на нивните семејства.

**Табела бр 1. Задоволство од просторни и технички услови за работа**

| | просторни услови | технички услови |
|---|---|---|
| Да | 1 | 1 |
| Не | 2 | 2 |
| Делумно | 2 | 2 |

Од табелата се забележува ист резултат на задоволство во однос на просторните и техничките услови за работа со лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и членовите на нивните семејства. Само еден испитаник е целосно задоволен од двата вида на услови. Кај другите испитаници, задоволството е или делумно или воопшто го нема. Тоа можеби упатува на потребата за доопремување на ЦСР со потребните услови за

[71] Op. Cit.

работа со цел зголемување на квалитетот на услугите за оваа категорија на граѓани.

Законот за социјалната заштита, во членовите 214 и 215 ги определува начините на финансирање на социјалната заштита. Имено, средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, буџетот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје, од учество на корисникот и лицата кои се должни да го издржуваат врз основа на одредени прописи, како и преку наплаќање на услуги, подароци, легати и други извори согласно со закон. Во однос на проблематиката употреба/злоупотреба на други и други психотропни супстанци, сите пет испитаници одговорија дека немаат добиено конкретни наменски средства за финансирање на активности за оваа проблематика. Тоа ја акцентира потребата за покажување поголем интерес за финансиска поддршка на ЦСР за реализирање на активности за намалување на употреба злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, од различни институции и донации, домашни и меѓународни.

За ова истражување беше значајно да се утврди дали ЦСР во извршувањето на своите активности на полето на намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци, соработува со други институции. Во табела 2 се дадени одговорите.

**Табела бр. 2. Соработка на ЦСР со други институции**

| **Реден број** | **Институции** | **да** | **не** |
|---|---|---|---|
| 1 | локална самоуправа | 4 | 1 |
| 2 | МВР | 5 | / |
| 3 | верски заедници | 2 | 3 |
| 4 | училиште | 4 | 1 |
| 5 | здравствени институции | 3 | 2 |
| 6 | дневен центар | 1 | 4 |
| 7 | НВО | 4 | 1 |

Значајно е тоа што ЦСР соработуваат со различни видови на институции на полето на намалување на употребата/злоупотребата на droги и други психотропни супстанци. Но, јасно се забележува дека е потребно воспоставување или зголемување на соработката на ЦСР со верските заедници и здравствените институции.

Недостатокот на соработка на ЦСР со ДЦ може да се должи на фактот што секој ЦСР нема ДЦ во своите рамки. Имено, од 5 ЦСР кои беа дел од истражувањето, само еден ЦСР има отворено ДЦ како сопствена организациона единица. Во рамките на други два ЦСР функционираат ДЦ во партнерство со други институции.

За истражувањето беше значајно дали испитаниците имаат предлози во однос на зајакнување на капацитетите на ЦСР за делувањето за употребата/злоупотребата на дроги. Прашањата се однесуваа на четири области, и тоа во однос на законски решенија, финансиски средства, потребни обуки и во однос на умрежување на субјекти надлежни за проблемот на намалување на дроги.

Во однос на законските решенија (измени и дополнувања на закони) 4 од испитаниците немаа никаков предлог. Само еден испитаник истакна дека е потребно допрецизирање на начинот на лекување на лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци.

Од аспект на прашањето за финансиските средства, двајца испитаници немаа никаков предлог. Останатите тројца испитаници дадоа неколку предлози кои произлегуваат од нивните потреби. Беше истакнато дека е потребно обезбедување средства за вработување на соодветни стручни работници за оваа проблематика, отворање на ДЦ за психо-социјален третман на оваа категорија на граѓани во општините каде не постои ДЦ, како и да се обезбедат наменски материјални средства за работа со овие лица (автобуски карти за оние лица кои користат услуги на ДЦ во друга општина). Исто така, беше истакната и потребата за добивање на финансиска поддршка за реализација на одредени проекти од страна на меѓународните организации.

Што се однесува до прашањето за потребните обуки за работа со оваа категорија на граѓани, сите испитаници беа согласни дека навистина се потребни континуирани обуки, за постојано надоградување и проширување на знаењето за дрогите и нивното штетно дејство, за работа со зависници и нивните семејства.

Исто така, сите испитаници беа согласни дека е потребно воспоставување и/или зголемување на соработката меѓу сите институции и

организации кои работата на полето на намалување на употребата/злоупотребата на дрога. При тоа, беше нагласена потребата за потпишување на протоколи за меѓусебна соработка меѓу МТСП, МВР, ЦСР, ДЦ, НВО, ЛС, училиштата, здравствените институции и други надлежни субјекти.

Истовремено, дел од испитаниците истакнаа дека кон овој проблем сериозно треба да се пристапува, бидејќи бројот на лица кои злоупотребуваат дрога секојдневно расте, а се намалува возрасната граница на лицата кои прв пат пробуваат дрога.

## 6.2. Ставови на стручни работници кои работат на проблематиката употреба, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, во дневните центрите за лица кои употребуваат, злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и членовите на нивните семејства

За потребите на истражувањето беше реалзиирано интервју со 4 стручни работници кои работат на проблематиката употреба/ злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, во 3 дневни центри за лица кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и членовите на нивните семејства. При тоа, само еден ДЦ функционира како организациона единица на ЦСР, а останатите два ДЦ работат како заеднички тела на повеќе субјекти. Од нив, еден ДЦ е заедничко тело меѓу ЦСР и Градската општа болница „8 Септември", а еден ДЦ е заедничко тело на ЦСР, ЛЗ, Министерството за здравство, НВО и македонската православна црква.

Во однос на превентивни активности во однос на злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци, во рамките на нивната општина, двајца испитаници одговорија дека немаат преземено никакви активности. Другите двајца одговорија дека имаат реалзиирано некакви превентивни активности во рамките на нивниот ДЦ, и тоа трибини со локалните НВО во рамките на основните училишта во нивните општини.

Другите активности на ДЦ кои беа дел од истражувањето се наведени во табела 3.

**Табела бр. 3. Активности на ДЦ**

| Реден број | Активности | да | не |
|---|---|---|---|
| 1 | советодавни услуги | 4 | / |
| 2 | услуги на информирање и едукација | 4 | / |
| 3 | работно ангажирање | 2 | 2 |
| 4 | културно забавни активности | 1 | 3 |
| 5 | рекреативни активности | 1 | 3 |

Активностите наведени во табела 3 се соодветни на законската определба на задолженијата кои ДЦ ги имаат согласно законот за социјалната заштита[72]. Треба само да се нагласи дека сите ДЦ ги имаат овие задолженија кои треба да ги остваруваат според законот. Но, од друга страна, позитивен е фактот што во два ДЦ се реализираат и некои други активности, како на пример, групна терапевтска работа, помош за документација и придружба да здравствена установа.

За работа со лица кои употребувааат/злоупотребуваат droги а користат услуги на ДЦ, ангажирани се лица од различни профили. Во ДЦ кои беа опфатени со истражувањето работат 5 социјални работници, 4 психолози, 2 медицински сестри и 1 доктор. Ова не е во согласност со стручно-методолошкото упатство за начинот на организација и работа на ДЦ за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанци и нивните семејства, во кое е наведена потребната кадровска екипираност на ДЦ[73]. Може само да претпоставиме дека државата нема обезбедено финансиски средства за вработување на сите потребни профили во ДЦ, што ја поткрепува претпоставката за потребата на зајакнување на капацитетите на ДЦ со стручни лица.

[72] Во член 141 од овој закон е определно дека ДЦ за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстаниции и прекурзори на овие лица и на члековите на нивните семејства им обезбедува советодавни услуги, услуги на информирање и едукација, работно ангажирање, културно-забавни и рекреативни активности.

[73] Во ДЦ се предвидува работа на социјален работник, работен терапевт, лекар (три пати неделно по три часа), терапевт за советодавна работа (психолог, психијатар или социјален работник со соодветна обученост за советувалишна работа – три пати неделно по три часа), и едукатор по компјутерски вештини (два пати неделно по два часа).

Како и стручните работници од ЦСР кои работат со зависници од дроги и други психотропни супстанци, и овие стручни работници биле целна група за обуките кои ги има организирано и реалзирано ЗСД. При тоа, и во овој случај, сите испитаници беа согласни дека им е потребна континуирана обука за работа со оваа категорија на граѓани.

Табела 4 го покажува задоволството на испитаниците во однос на просторните и техничките услови за работа со лицата кои употребуваат/ злоупотребуваат дроги и членовите на нивните семејства.

**Табела бр.4. Задоволство од просторните и техничките услови за работа**

| | **просторни услови** | **технички услови** |
|---|---|---|
| целосно задоволувачки | **3** | **1** |
| делумно задоволувачки | / | / |
| незадоволувачки | **1** | **3** |

Заводот за социјални дејности во стручно-методолошкото упатство за начинот на организација и работа на ДЦ за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и нивните семејства, ги пропишува условите кои треба да ги исполнува ДЦ во однос на просторот и техничката опременост[74]. Но, од прегледот се забележува дека дел од испитаниците одговорија дека не се задоволни од просторните и техничките услови за работа. Од една страна, тоа може да се должи на фактот што во ДЦ се работи со поголем број на лица од предвидениот (поради големиот број на регистрирани зависници), а од друга страна, можеби МТСП нема доволно финансиски средства за целосно техничко опремување на просториите со потребната опрема за работа. Од овде произлегува можноста да се даде препорака за обезбедување на поголеми финансиски средства од страна на државата за отворање на поголем брј на ДЦ и нивно опремување, но

[74] *Стручно-методолошки упатства и прирачници – Документи* (2007), ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје, с. 87-88

и помош од страна на општините и бизнис секторот за реализација на оваа препорака.

Иако финансирањето на ДЦ се обезбедува од буџетот на државата, сепак 2 испитаници одговорија дека нивните ДЦ имаат добиено и наменски средства за финансирање на активностита за намалување на употреба/злоупотреба на дроги. Средствата биле од локалната самоуправа, како и донации од меѓународни организации.

За потребите на истражувањето, испитаниците беа прашани дали во извршувањето на секојдневните активности и задачи, остваруваат соработка со други институции. Нивните одговори се дадени во табела 5.

**Табела бр. 5. Соработка на ДЦ со други институции**

| **Реденброј** | **Институции** | **да** | **Не** |
|---|---|---|---|
| 1 | општина | 2 | 2 |
| 2 | МВР | 3 | 1 |
| 3 | верски заедници | 1 | 3 |
| 4 | училишта | 1 | 3 |
| 5 | здравствени институции | 3 | 1 |
| 6 | центар за социјална работа | 3 | 1 |
| 7 | НВО | 3 | 1 |
| 8 | други ДЦ | 2 | 2 |

Позитивен е фактот дека дел од испитаниците одговорија дека имаат воспоставено соработка со различни институции во однос на намалување на употребата/злоупотребата на дроги. Но, нивниот пример треба да го следат и другите ДЦ кои на ова прашање одговорија негативно.

Во однос на потребата за зајакнување на капацитетите на ДЦ во делувањето на полето на намалување на употребата/злоупотреба на дроги, беа истакнати неколку работи.

Во однос на законски решенија (измени и дополнувања на закони), испитаниците истакнаа дека е потребно дополнување на законската поставеност на ДЦ. Во однос на финансиските средства, испитанциите

истакнаа дека е потребно континуирано финансирање на ДЦ за нормално функционирање, а особено треба да помогне ЛЗ на чија територија функционира ДЦ. Испитаниците беа согласни дека се потребни континуирани обуки за работа со зависници од droги и членовите на нивните семејства, како и дека е неопходно продлабочување на соработка со сите надлежни субјекти.

### 6.3. Ставови на градоначалници

За потребите на истражувањето беше реализирано интервју со градоначалници на 12 општини, и тоа 7 урбани (Аеродром, Газа Баба, Гостивар, Крива Паланка, Охрид, Струмица и Центар) и 5 рурални (Босилово, Василево, Врапчиште, Дебарца и Ранковце).

Иако Законот за социјалната заштита во член 11 определува дека, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат спроведување на социјалната заштита и донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, сепак во истражувањето се покажа дека една општина нема изготвено годишна програма за социјална заштита. Од останатите 11 општини кои имаат програма за социјална заштита, само во 3 е предвиден дел кој се однесува на лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги, во однос на превенција од злоупотреба, еднократна парична помош и помош во храна и средства за лекување.

Во однос на прашањето дали општината има донесено акционен план за развој на социјалната заштита, 9 испитаници одговорија позитивно, а 3 негативно. Од 9 општини кои имаат донесено акционен план за развој на социјалната заштита, само во 4 се предвидени активности за намалување на употребата/злоупотребата на дрогите. Активностите се однесуваат на организирање на предавања во ОУ за штетноста на дрогите и други превентивни кампањи за запознавање на младите со штетните последици од злоупотреба на дроги, отворање на регионални центри за спречување на злоупотреба. Во една од

општините има и координативно тело за соработка со МВР, НВО, ЦСР, ДЦ и други институции во бробата против злуопотреба на droги.

Од вкупно 12 општини, само во 5 постои посебен сектор/одделение кое работи на прашања од областа на социјална заштита. Во нив работат лица од различни стручни профили, и тоа, 6 социјални работници, 4 правници, 2 социолози, 1 психолог. Со различните стручни профили се обезбедува различен пристап во работата, и се очекува поголема ефикасност во спроведувањето на активностите. Но, далеку покорисно и поефективно би било зголемување на капацитетите на општините со стручни лица кои би работеле на областа социјална заштита. За реализирање на активностите од областа на социјалната заштита, позитивно е што овие 5 општини имаат обезбедено средства од буџетот на општината.

За истражувањето беше значајно и прашањето дали имаат спроведено некои конкретни активности на полето на социјална заштита за лицата кои употребуваат, злоупотребуваат droги и други психотропни супстанци и прекурзори. Половина од испитаниците (6) одговорија позитивно и наведоа дека се реализирани различни видови на активности. Имено, се организирале предавања на експерти во ОУ, реализиран е проект за заштита од дрога во соработка со локална НВО и центар за јавни здравје, дадена е финансиска помош на локалниот ДЦ, биле организирани информативни кампањи за растенија од кои настанува дрога во соработка со други две општини, отворен е психосоцијален клуб за апстиненти и стабилни корисници на метадонска програма, реализирани се едукативни трибини за дрога во соработка со НВО. Ова е особено позитивен факт, бидејќи општините преземале различни активности за намалување на употребата/злоупотребата на дрогата на својата територија.

Истовремено, за истражувањето беше значајно и прашањето дали во реализирање на своите активности од областа на социјалната заштита на лицата кои употребуваат/злоупотребуваат droги и други психотропни супстанци, општините соработуваат со други институции. Во табела 6 се дадени нивните одговори.

**Табела бр. 6. Соработка на општините со други институции**

| | да | не | делумно |
|---|---|---|---|
| училишта | 9 | 3 | / |
| верски заедници | 4 | 7 | 1 |
| здравствени организации | 7 | 5 | / |
| НВО | 8 | 4 | / |
| ЦСР | 8 | 4 | / |
| други | 4[75] | 8 | / |

Од табелата може да се забележи дека општините имаат воспоставено соработка со различни институции, и тоа во најголем број на случаи со училиштата, но и со ЦСР и НВО. Најмалку соработка е воспоставена со верските заедници. Но, фактот дека дел од испитаници одговорија и дека не соработуваат со одредени институции, дава можност да се следи примерот на другите опшини и да се воспостави соработката со институциите кои се на нивната територија, и да се преземаат заеднички активности на полето на намалување на употребата/злоупотребата на дрогата.

Резултатите од истражувањето покажаа дека ниту една од општините нема користено средства и одредени донации од меѓународни организации за реализација на одредени активности (проекти) на оваа проблематика. Поради претпоставката дека општинските буџети не се доволни за реализација на сите активности од областа на социјалната заштита, може да се препорачаат апликации за одредени донации од страна на меѓународните организации. Исто така, може да се препорачаат и обуки на стручните работници во општините за изработка на проекти за добивање на донации со кои би се олеснила реализацијата на активностите на општините во областа на социјалната заштита.

Испитаниците беа прашани за нивните предлози и мислења за зајакнување на нивните капацитети во делувањето за намалувањето на употребата/злоупотребата на дроги, за неколку области. Имено, во делот на законски решенија (измени и дополнувања на закони) беа дадени предлози за предвидување на законски можности за финансирање на тераписки заедници или јавни приватни партнерства, за обрнување на

[75] Три од општините имаат воспоставено соработка со Црвениот крст, а една со Швајцарска агенција за развој.

поголемо внимание на превенцијата како мерка за заштита, како и за зголемување на ингеренциите на ЛЗ во социјалната заштита на зависници од дрога.

Во однос на финансиски средства, најголемиот број на предлози се однесуваа на обезбедување на дополнителни средства од буџетот на РМ за реализирање на активности од областа на социјалната заштита. Исто така, беа дадени предлози за олеснување на пристап до другите извори за финансирање, како и зголемување на финансиска поддршка на руралните општини.

Во однос на потребни обуки, сите испитаници беа согласни дека се неопходни и почетни и континуирани обуки, и во однос на самиот проблем, но и во однос на запознавање со законската регулатива.

Исто така, испитаниците беа согласни дека за намалување на овој проблем, неопходно е да се воспостави системски и координиран пристап на сите релевантни институции и засегнати страни. Тие сметаат дека треба да се потпишат протоколи за соработка меѓу ЛЗ и МТСП, МВР, ЦСР, ДЦ, ОУ, НВО и бизнис секторот.

За истражувањето беше значајно што овие испитаници дадоа и некои предлози за намалување на употребата/злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци на локално ниво. Беше истакнато дека е потребно да се преземаат поголем број на превентивни активности за зависници и нивни семејства, да се спречи садење на растенија од кои расте дрога, да се организираат трибини од јавен карактер во ОУ, да се намали стигматизација на оваа категорија на граѓани, да се донесат конкретни акциони планови за делување на локално ниво, да се зголеми сензибилизација на медиумите, како и да се зголемат капацитетите на ЕЛС со човечки ресурси кои би работеле во областа на социјалната заштита.

### 6.3. Ставови на претседатели на невладини организации

Согласно значењето на НВО во намалувањето на употребата/злоупотребаа на дроги, во истражувањето беше направено интервју со претседатели на 6 НВО кои работат на оваа проблематика. Беа опфатени:

- Здружение на социјални работници на град Скопје (1973),
- ХОПС - *Опции за здрав живот*, Скопје (1999),
- НВО *Опција* од Охрид (2003),
- НВО *Предизвик за млади на Македонија* (1995),
- НВО *Избор* од Струмица (1997) и
- НВО *Хелп* од Гостивар (2000).

Во однос на нивната глава цел (мисија) испитаниците дадоа различни одговори: одржување ниска преваленција на ХИВ СИДА во РМ; информативно едукативен ангажман на млади и помош на семејства во кои има зависник; превенција, ресоцијализација и рехабилитација на лица кои злоупотребуваат дрога; креација и реализација на социјалната политика и социјалната заштита на граѓаните; иницирање, предлагање и формирање на стручно мислење за нормативни и други акти кои се однесуваат на социјалната заштита на градот, афиримирање на социјалната работа како професија и друго; развој на ефикасни програми, структури и сервиси за помош преку стручни интервенции во процесот на превенција и едукација; промоција, почитување и заштита на човековите права и слободи заради унапредување на здравјето и социоекомомскиот статус на сите луѓе, а особено на корисниците на дроги, сексуалните работници и други маргинализирани заедници.

Во своите секојдневни активности за намалување на употреба/злоупотреба на дроги, НВО кои учествуваа во истражувањето обезбедуваат бројни услуги од аспект на социјална заштита. Како примери беа дадени социјална превенција, развој и обезбедување на услуги од социјална заштита, развој и унапредување на социјална заштита и на волонтерска работа, здравствени услуги, како и рехабилитација и реинтеграција, бесплатна правна помош и информативно едукативна работа со семејства во кои има зависник.

Сите активности кои ги наведоа испитаниците се во согласност во законските одредби за целите и задачите од областа на социјалната заштита кои можат да ги вршат здруженија на граѓани[76]. Стручната работа се реализира преку разни форми на работа, како на пример работа со поединец, работа со група, советувалиште, СОС линија, теренска работа, тераписка заедница, трибини и работилници и тераписки комуни

Сите НВО кои учествуваа во истражувањето, за реализацијата на своите програмски активности имаат ангажирано различни стручни профили. Во прегледот 2 е даден нивниот број.

**Преглед бр. 2. Вид и број на стручни профили во НВО**

| **стручен профил** | **број** | **стручен профил** | **број** |
|---|---|---|---|
| социјални работници | 6 | лекари | 3 |
| психолози | 4 | медицински сестри | 3 |
| педагози | 2 | обучени волонтери | 3 |
| правници | 1 | поранешни зависници | 2 |

Ангажирањето на лица од различни стручни профили отвора простор за различен пристап во работата, при што може да се очекува да се постигнат подобри резултати.

Табела 7 ги покажува одговорите на испитаниците во однос на задоволството од просторната и техничката опременост за работа со зависници од дрога.

**Табела бр. 7. Задоволството од просторната и техничката опременост**

| | просторна опременост | техничка опременост |
|---|---|---|
| задоволувачки | 4 | 2 |
| делумно задоволувачки | / | / |
| незадоволувачки | 2 | 4 |

Различните одговори веројатно упатуваат на потребата за доопремување на НВО со потребниот простор и техничка опрема за спроведување на своите активности во работа со зависници од дрога. Тоа ја истакнува потребната помош од државата, од ЛЗ, како и од бизнис секторот за поддршка на НВО.

[76] Закон за социјалната заштита, (Сл. Весник на РМ, бр. 79/09), член 113

Од вкупниот број на испитаници (6), само еден одговори дека како НВО немаат добиено наменски средства за финансирање на активностита за намалување на употреба/злоупотреба на дроги од ниту една институција или организација. Останатите 5, имаат добиено наменски средства од различни извори, и тоа од МТСП, Министерството за здравство, локалната самоуправа, македонската православна црква, како и донации од меѓународни организации. Овој факт е позитивен бидејќи различни институции покажале интерес и разбирање на потребите на НВО за реализација на одредени активности на полето на намалување на злоупотребата на дрогите.

За истражувањето беше значајно дали НВО во текот на реализацијата на своите активности во однос на намалување на употреба/злоупотреба на дроги, соработуваат со други институции. Во табела 8 се дадени нивните одговори.

**Табела бр. 8. Соработка на НВО со други институции**

| **Реден број** | **Институции** | **да** | **не** | **делумно** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЦСР | 4 | 1 | 1 |
| 2 | надлежната општина | 4 | 1 | 1 |
| 3 | верски заедници | 2 | 2 | 2 |
| 4 | дневен центар | 3 | 2 | 1 |
| 5 | други НВО | 6 | / | / |

Од табелата се забележува дека во реализацијата на своите активности во однос на намалување на употреба/злоупотреба на дроги, НВО соработуваат со различни институции. Сепак, видливо е дека соработката треба да се воспостави и/или зајакне, меѓу сите НВО и другите институции кои се надлежни за намалување на злоупотребата на дроги и други психотропни супстанци.

Во однос на прашањето за нивното задоволство од формите и правата на заштита кои државата ги нуди на лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и членовите на нивните семејства, ниту еден испитаник не одговори

потврдно. Имено, од 6 испитаници, 4 одговорија дека не се задоволни, а 2 дека се делумно задоволни. Во таа насока, сите дадоа предлози за тоа што сметаат дека државата треба да направи за подобрување на формите и правата на заштита на лицата кои употребуваат/злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци. Тие предложија:

- развивање на повеќе форми на превентивна работа,
- подобрување на начинот на лекување на зависниците од дроги и други психотропни супстанци,
- развивање на програми за ресоцијализација,
- отворање на центри и развој на програми за лекување, рехабилитација и реинтеграција,
- обучување на кадар за работа со оваа категорија на граѓани,
- помош во образование, стручна преквалификација и вработување на зависниците од дроги.

За зајакнување на капацитетите на НВО во делувањето за намалувањето на употребата/злоупотребата на дроги, испитаниците дадоа бројни и различни одговори и предлози. Во однос на законски решенија (измени и дополнувања на закони), испитаниците истакнаа дека е потребно подобрување на законската регулатива во однос на социјалната заштита на овие лица, попривилегиран статус на оние НВО кои работата со оваа популација, изземање од плаќање на давачки, олеснување на начинот за добивање на потребни дозволи за отворање на комуни, консултирање на НВО при креирање на политики за зависници од дрога (за пренесување искуства), депенализација на употребата и поседувањето на дроги за лична употреба, како и дополнување и измена на Законот за социјалната заштита во однос на улогата на институциите од областа на социјалната заштита во работата со лица кои злоупотребуваат дроги.

Во однос на финансиските средства, испитаниците истакнаа дека е потребно обезбедување на поголеми финансиски средства, поголема поддршка од државата, од ЛС и од бизнис секторот за НВО кои работат со оваа популација. Истовремено, беше даден предлог за обезбедување на редовни финансиски средства за превоз на корисниците на дроги од местотот на живеење до центарот во кој користат метадонска терапија.

Во однос на потребните обуки, сите испитаници беа согласни дека се неопходни за работа со зависници од дроги. При тоа, особено беше нагласена потребата од обуки за превенција од прегорување на стручните лица кои работата со оваа категорија на граѓани.

Исто така, испитаниците беа согласни дека за постигнување на поголем успех во борбата против употребата/злоупотребата на дроги, многу е значајна соработката на сите институции и организации кои работат на оваа проблематика. Беше нагласено дека е потребно и јасно разграничување на улогата на секоја од институциите и организациите, како и вклучување на НВО во меѓуресорска комисија за дроги, како и олеснување на пристапот до државните сервиси за поддршка на НВО за добивање на одредени дозволи.

Испитаниците исто така истакнаа деке е потребно воспоставување на поголема координација на државно ниво, разбивање на стереотипи и предрасуди за зависниците од дроги и други психотропни супстанци, како и зголемување на бројот на превентивните програми за зголемување на информираноста за штетноста на дрогата, особено на младата популација.

## 6.5. Ставови на претставници од верски заедници

Во овој дел од истражувањето беа опфатени 10 верски заедници, и тоа 5 православни, 2 католички и 3 исламски. Од православните верски заедници во истражувањето учествуваа, еден претставник од Дебарско-Кичевската епархија, двајца претставнци од Полошко-Кумановската епархија, еден претставник од Струмичката епархија и еден претставник од Скопската епархија. Од католичката верска заедница, учествуваа претставници од Католичките цркви во Охрид и Струмица. Од исламската верска заедница, во истражувањето учествуваа еден претставник од Исламската верска заедница на Република Македонија, како и по еден претставник од Муфтиствата во Охрид и Гостивар.

Сите испитаници од различните верски заедници одговорија дека, во рамките на своите секојдневни активности го препознаваат проблемот

на употреба/злоупотреба на droги и други психотропни супстанци. Исто така, сите испитаници сметаат дека нивните институции можат да имаат значајно влијание за намалувањето на злоупотребата на дрогата. Ова е особено важно, бидејќи верските заедници се секогаш отворени за своите верници кои можат да се обратат доколку им се потребни совет или некаков вид на помош.

Истражувањето покажа дека во делувањето на верските заедници има содржини кои се однесуваат на намалување на употреба /злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци. Претставниците од православните верски заедници истакнаа дека православието е против секаква употреба на супстанци кои ја менуваат свеста. Тие говорат за штетноста од злоупотребата на дрогите во рамките на проповедите на литургиите, во богослужбите и во секојдневната комуникација со верниците. Претставниците од католичките верски заедници се изјаснија дека во текот на средбите со младите и во текот на веронаучните средби се говори за штетноста на дрогите. Тие исто така напоменаа дека во рамките на католичките цркви низ светот се формираат и комуни за помош на лица кои злоупотребуваат дроги, но дека тоа во Република Македонија сè уште не е случај. Претставниците од исламските верски заедници одговорија дека во рамките на џамиите секој петок има служби со верници на кои се говори на различни теми, меѓу кои и за штетноста на дрогите.

За потребите на истражувањето, претставниците на верските заедници беа прашани да наведат активности кои се насочени кон намалување на употребата/злоупотребата на дрогите. Испитаниците од различните верски заедници дадоа различни одговори во согласност со различниот пристап и работа со своите верници. Испитаниците од православните верски заедници истакнаа дека лицата кои злоупотребуваат дроги, со проповеди се испраќаат во божји храмови (манастири) на одвикнување, се даваат совети за добар и здрав живот, се прават едукативни верски програми. Исто така, овие испитаници давале поддршка на идејата за воведење на веронаука во основните училишта, а имаат и организирано семинари на оваа тема. Испитаниците од католичките верски заедници одговорија дека тие организираат летни

кампови за млади во чии рамки се организира духовно учење за штетноста на дрогите. Претставниците од исламските верски заедници го истакнаа значењето на петочната служба со верниците, наречена „Петочна хутва" во чиј тек се даваат верски совети за штетноста на дрогите. Иако имаат различен пристап, сепак е мошне позитивно што сите верски заедници опфатени со истражувањето преземаат активности за намалување на употребата/злоупотребата на дрогите.

Испитаниците од сите верски заедници потврдија дека лицата кои употребуваат дроги и други психотропни супстанци или членови на нивните семејства, им се имаат обратено за помош. Ова е само уште една потврда на фактот дека вратите на верските заедници се отворени за помош и поддршка на своите верници. Сепак, од испитаниците од православните верки заедници истакнаа дека за да дојдат до дрога, зависниците понекогаш ја злоупотребуваат отвореноста на оваа институција кон граѓаните, бидејќи често се случуваат кражби на пари од иконите (кои ги оставаат верниците), како и дека тие користат разни лаги само за да дојдат до пари (на пример, болна мајка или гладно дете). Ова оди во прилог на верувањето дека зависниците од дроги се подготвени на сѐ, само за да дојдат до пари за да купат дрога.

За овој дел од истражувањето беше значајно и прашањето, дали во рамките на образовниот систем на лицата од верските заедници, се содржани прашања од доменот на употребата/злоупотребата на дроги. Табела 9 ги содржи нивните одговори.

**Табела бр. 9. Прашања од доменот на употребата/злоупотребата на дроги во рамките на образовниот систем на лицата од верски заедници**

| | да | не | делумно |
|---|---|---|---|
| Православна | 3 | 2 | / |
| Католичка | 1 | / | 1 |
| Исламска | 2 | 1 | / |

Фактот дека испитаниците од сите верски заедници дадоа различни одговори на ова прашање е малку изненадувачки, бидејќи

останува очекувањето дека образовната програма за сите испитаници од секоја верска заедница, треба да е иста. Сепак, позитивен е фактот дека во образовните содржини се допира прашањето за штетноста од употреба/злопотреба на droги.

Исто така, за истражувањето беше значајно дали во спроведување на активности за намалување од употреба/злоупотреба на дроги, верските заедници имаат воспоставено соработка со други институции. Во табела 10 се дадени нивните одговори.

**Табела бр. 10. Соработка на верските заедници со други институции за спроведување на активности за намалување од употреба/злоупотреба на дроги**

| | Православна | | Католичка | | Исламска | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДА | НЕ | ДА | НЕ | ДА | НЕ |
| државни институции | 1 | 4 | / | 2 | / | 3 |
| НВО | 3 | 2 | / | 2 | 2 | 1 |
| локална самоуправа | 1 | 4 | / | 2 | / | 3 |
| други | / | 5 | / | 2 | / | 3 |

Од табелата е видливо дека православните верски заедници имаат воспоставено соработка со најголем број на институции, иако не во доволен број. Католичката верска заедница нема воспоставено соработка со ниту една институција, а исламските верски заедници имаат воспоставено соработка само со НВО. Согласно значењето и влијанието на верските заедници, се нагласува потребата за воспоставување и/или зајакнување на нивната соработка со другите институции и организации на полето на намалување на злоупотребата на дрогите.

Како и сите други испитаници, и претставниците од различните верски заедници кои учествуваа во истражувањето беа прашани за нивни предлози и мислења за зајакнување на нивните капацитети во делувањето на полето на намалувањето на употребата/злоупотребата на дроги. Во однос на законските решенија (измени и дополнувања на закони) претставниците од католичките верски заедници немаат никакви

предлози. Но, претставниците од православните и исламските верски заедници сметаат дека е потребно нивно вклучување во креирањето на политики и националните програми за борба против дрогата.

Повикувајќи се на својата независнот и автономност, сите испитаници од сите верски заедници одговорија дека не им е потребна помош во однос на финансиски средства за реализирање на активности за борба против дрогата.

Во однос на потребни обуки за работа со зависници од дрога и членови на нивните семејства, сите испитаници од сите верски заедници одговорија потврдно. Тие сметаат дека обуки се неопходни поради серизоноста на проблемот, а испитаниците од православните верски заедници ја истакнаа и потребата за вклучување и на родителите на зависниците во рамките на тие обуки.

И за потребата за воспоставување на соработка со субјекти надлежни за проблемот на намалување на дроги, претставниците на сите верски заедници дадоа потврден одговор. При тоа, испитаниците од православните верски заедници дадоа предлог за електронско поврзување меѓу црквата и другите државни и локални институции и НВО. Испитаниците од исламските верски заедници посебно ја нагласија потребата за зајакнување на соработката на верските заедници со ЦСР и ЛЗ, бидејќи сметаат дека тие имаат наголеми надлежности во однос на помош на зависниците од дрога. Од друга страна, испитаниците од католичките верски заедници сметаат дека за проблемот на злоупотреба на дрога треба јавно да се говори, да не е табу-тема, бидејќи само така ќе може да се помогне.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Секојдневниот пораст на бројот на лица кои злоупотребуваат дрога, како и намалувањето на возрасната граница на лицата кои прв пат пробуваат  дрога, се показател дека кон овој проблем треба да се постапува мошне сериозно. Затоа, во третирањето на овој проблем особено е значаен плуралниот пристап, бидејќи може да придонесе за намалување на овој социјален проблем во локалната заедницата, како примарна средина за разрешување на социјални проблеми.

